**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**ООУ „ Браќа Миладиновци“ Куманово**

**Општина Куманово**

**за период од 2022  до 2024 година**



Датум

12.08.2024 год.

| ***Самоевалуација на училиштето*** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Браќа Миладиновци“ Куманово |
| Адреса | ул. “Народна Револуција” Бр.43, Куманово |
| Телефон, е-пошта | 031/424-281<br>ou-brakjamiladinovci-kumanovo@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | Мај 2024 год. |
| Број на ученици во училиштето | 1240 |
| Број на подрачни училишта | 2 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Јасминка Спасовска |
| Потпис | |
| Датум | 01.07.2024 год. |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Филип Саревски |
| Потпис | |
| Датум | |

## *Подрачје 1: Планирање, настава и учење*

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 1.1 Планирања на наставниците;<br><br>1.2 Наставен процес;<br><br>1.3 Искуства на учениците од учењето;<br><br>1.4 Оценувањето како дел од наставата;<br><br>1.5 Воннаставни активности и натпревари; |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| ***Индикатор 1.1 Планирања на наставниците*** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Планирања на наставници | Поддршка и следење на планирањата | Секоја учебна година наставниците изготвуваат годишни глобални и тематски планирања, задолжителни и изборни предмети,дополнителна и додатна настава и воннаставни активности.Планирањата ги изготвуваат во согласност со донесените наставни планови и програми од МОН.Изготвените планирања |

| | | |
|---|---|---|
| • Анкети со наставници | на наставниците<br><br>Размена на искуства и на информации при планирањето | во електронска форма се доставуваат до педагогот на училиштето до 15 септември.Училиштето им дава поддршка на наставниците за поефикасно планирање преку:<br>-стручни консултации со стручна служба;<br>-интерни семинари во рамките на стручни активи;<br>-семинари од страна на БРО;<br>За инклузирани ученици наставниците изготвуваат ИОП во соработка и поддршка со инклузивен тим.<br>Од анализата на одговорите од прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на следење на планирањата најмалку два пати во полугодиeто се добија следните податоци:најголемиот број наставници се согласуваат со оваа тврдење дека директорот и стручната служба ги следат нивните планирања додека сосема мал број од нив не се согласуваат или пак немаат информација за ова тврдење.Од вкупно анкетирани 81 наставник,47% целосно се согласиле со тврдењето,48 % се согласиле, 2,5% не се согласуваат или немаат информација.<br>Размената на искуства и информации при планирањата се врши преку стручните активи при соработка за реализација на наставните програми, соработка со стручната служба и дискусија на Наставнички совети.<br>За оваа тема „Размена на искуства и информации при планирањето“, од индикаторот планирање на наставниците извори на податоци кои се користеа |

| | | |
|---|---|---|
| • Записници и списоци од состаноци настручни активи<br><br>• Анкети со наставници | | се: записниците од стручните активи и прашалникот за наставниците.<br><br>Наставниците разменуваат искуства за планирања и изготвување на наставните содржини во рамките на стручни активи. Наставниците ги изработуваат своите планирања во консултации со стручните активи, каде разменуваат искуства, како за годишните планирања, така и за оперативните планирања начасовите. Тие исто така, планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно. Од анализата на записниците на стручните активи констатирано е дека планирањата се изготвуваат на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети. По анализа на записниците констатирано е дека има многу точки од дневен ред каде наставниците разменуваат искуства за планирања и изготвување на наставните содржини, а дел од нив се:<br><br>-**Актив на општествени науки**: Изработка и користење на програми за слободни изборни активности;<br><br>-**Актив на природни науки**: Дисеминација – нова наставна програма за VI одд., планирање и реализација на наставата;<br><br>-**Актив на одделенска настава**: Разменување на искуства на одделенските наставници во врска со наставните програми, изборни предмети, вoннаставни активности, слободни ученички активности како и начин на водење на педагошка евиденција и документација;<br><br>-**Актив на јазично естетско подрачје**: Избор на учебници и изготвување на |

| | | |
|---|---|---|
| | | годишно и месечно планирање, вметнување на ЕКО и МИО стандардни во наставата;<br><br>-**Актив во посебни паралелки**: Модифицирана програма – Реализација на настава по модефицирана програма и нејзино изготвување;<br><br>Од анализата на одговорите од прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на размена на искуства и информации при планирањето се добија следните податоци:<br><br>По однос на тврдењето: Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието, анкетирани се вкупно 81 наставници: 55,5% од наставниците целосно се согласуваат, 34,5 % се согласуваат по ова тврдење, 8% не се согласуваат со тврдењето и 1% не знам/немам информации за тврдењето.<br><br>*Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска*<br><br>*Членови на училишен тим – Биљана Стоилковска, Милена Михајловска* |

| *Индикатор 1.2 Наставен процес* | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Планирања на наставниците<br><br>• Процедура за следење на наставници<br><br>• Распоред за посета на часови<br><br>• Извештаи од посетени часови<br><br>• Е-дневник | Реализација на наставни планови и програми | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука.Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование (деветгодишното образование). Училиштето ги нуди и ги реализира само наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука, вклучувајќи ја и Новата концепција која стратуваше 2021/22 година во прво одделение Концепцијата е донесена со решение бр. 08-3980/1 од 3.03.2021 Министерство за образование и наука.<br><br>При реализацијата на наставните предмети нема отстапувања од наставните програми. Наставните планови и програми доставени од Министерството за образование и Бирото за развој на образованието им се достапни на сите наставници (на веб страната од БРО), а наставниците редовно се запознаваат со измените и дополнувањата на наставниот план доколку ги има пред почетокот на неговата примена.<br><br>Наставата се планира и реализира согласно потребите и можностите на |

| | | |
|---|---|---|
| • Водич за инклузивно образование<br><br>• Тим за училишна интеграција<br><br>• Програма за работа на училишниот инклузивен тим<br><br>• Програма за работа на дефектолог,педагог и психолог | | учениците. Тоа подразбира дека наставникот умее да ги идентификува предзнаењата и способностите на учениците и согласно тоа да планира индивидуализиран пристап и диференцирана настава.<br><br>Наставниците соработуваат со учениците, ги разбираат, прифаќаат и почитуваат. За време на наставните часови се создаваат еднакви можности за учество за сите ученици, а со интеракција наставник/ученик и примена на современи методи и техники се постигнуваат поставените цели на часот. Поголем дел од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите. Наставата по физичко образование од прво до петто одделение се одвива во тандем настава професор-одделенски наставник. Сите наставници реализираат додатна и дополнителна настава за која е изработен и истакнат распоред на огласната табла и веб страната на училиштето.<br><br>Наставници кои работат со ученици со ИОП со образовен асистент или без образовен асистент изготвуваат и ја прилагодуваат наставната програма според нивните способности. За време на наставата образовниот асистент помага за полесно совладување и усвојување на истата.<br><br>Во состав на училиштето работи Центар за подршка со паралелки за ученици со посебни образовни потреби. Вработените дефектолози работат по наставни планови и програми пропишани од МОН. Во центарот работи и логопед со учениците кои имаат потреба од логопедски третман. |

| | | |
|---|---|---|
| • Изготвени ИОП за ученици<br><br>• Извештаи од реализирани работилници | | Во училиштето е формиран Училишен инклузивен тим во кој членуваат: директор, дефектолог, педагог, психолог, два наставника и родител.Се формира и инклузивен тим за ученик кој има добиено мислење од МКФ. Тимот изработува ИОП за работа со деца со ПОП и го следи напредокот со ученикот.За потреби на учениците со физичка попреченост приспособен е пристап односно пристапна рампа до влезовите на училиштето, холот, лифт и тоалетите.<br><br>Во нашето училиште се реализираат разновидни проектни активности,за развивање на еколошката свест и безбедност на учениците.<br><br>**Оваа година реализирани се повеќе проекти.**<br><br>-Општински Сојуз на Училишен Спорт Куманово со своите претставници - наставници по ФЗО од ООУ „Браќа Миладиновци“ и ООУ „Крсте Мисирков“, зема учество во организацијата и придонес во реализација на инклузивни спортски игри на настанот **„Природата –нашата омилена училница“** на основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ - Скопје, а иницирaн од лични и образовни асистенти од сите основни училишта во Општина Куманово. Училишниот Сојуз оваа соработка ќе ја реализира во иднина секоја учебна година како дел од програмата за работи и редовни активности во училишните спортски клубови.<br><br>-ОСБСП Куманово и СВР Куманово уште еднаш успешно ја<br><br>реализираа традиционалната манифестација за ученици од основните |

| | | |
|---|---|---|
| | | училишта **„Детски семафор“**, кое се одржа на 31.5.2024 и 01.6.2024 во просториите на ООУ„ Вук Караџиќ “.<br><br>-Завршна активност од грантот за **меѓуетничка интеграција** во образованието доделена од МОН.<br><br>-Одржан **шаховски натпревар** помеѓу ученици од второ и седмо одделение со партнер училиштето ООУ„ Бајрам Шабани ’’.<br><br>-Во Центар за поддршка на ученици со попреченост при нашето училиште се одржа и втората планирана заедничка инклузивна работилница со ученици од Центарот и ученици од ООУ „ХристијанТодоровски Карпош” и ООУ„ Наим Фрашери” кои се дел од проектот **„Инклузија на деца со ПОП”** во организација на Здружението „Отворете ги прозорците“ од Скопје подржано од Детска фондација Песталоци. Под мотото „Сами можеме малку, заедно можеме многу повеќе “ - ученици од двете училишта и од Центарот за поддршка на учењето преку активности, разговор и примери се запознаа и стекнаа знаења за интеркултурализам, заеднички особини и карактеристики за момчиња и девојчиња и за разликите помеѓу нив.<br><br>-Во нашето училиште се одржа првата работилница на тема **„Ненасилно решавање на конфликти преку СМАРТ-табела”** во соработка со невладината организација „Центар за толеранција и доживотно учење”.<br><br>-Реализиран уште еден успешен и корисен проект **„Да ја зачуваме нашата планета Земја“;** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Направена е анкета на родители и ученици. Анкетирани се 459 родители и 292 ученика.<br>На прашањето: Дали во текот на годината моето дете ги има сите наставни часови според распоред?<br>Ги добивме следниве резултати: Целосно се согласуваат 59%, се согласуват35%, не се согласуват 4%, целосно не се согласуват 1% и не се информирани 1%.<br>На прашањето:Дали на часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. Преку проекти, преку игра, преку истражување).Учениците одговориле на следниов начин: целосно се согласувам 35%, се согласувам 48%, не се согласувам14%, целосно не се согласувам 2% и не сум информиран1%. |
| • Анкетен прашалник<br>• Постапка за избор на изборен предмет | Избор на наставни предмети | Нашето училиште има слобода да понуди изборни предмети кои произлегуваат од пројавените интереси на учениците коишто учат во тоа училиште и истовремено ги зема предвид можностите на наставниот кадар што работи во училиштето и на ресурсите со кои располага училиштето. Всушност, нашето училиште задолжително нуди две листи на изборни предмети, едната се однесува на учење на Втор странски јазик, а другата опфаќа таканаречени Слободни изборни предмети кои ги нуди училиштето, зависно од интересите на учениците.<br>Слободните изборни предмети се планираат исклучиво околу очекуваните резултати од учењето кои директно произлегуваат од конкретни компетенции |

| | | |
|---|---|---|
| | | од Националните стандарди.<br><br>Една од битните цели на слободните изборни предмети е на учениците да им се даде можност да ги откријат своите „силни страни“ и вештини коишто не можат да бидат видливи на другите часови и со тоа да се афирмираат пред своите соученици. Се очекува дека тоа ќе развива позитивен став на учениците кон училиштето и ќе ги мотивира за повисоки постигања во задолжителните наставни предмети.<br><br>Во посебна листа на изборни предмети спаѓаат таканаречените Слободни изборни предмети. Во првиот образовен период (I-III одд.) слободниот изборен предмет се реализира во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците. Во времето предвидено за слободниот изборен предмет, секој ученик се поттикнува самиот да избере што сака да прави како дополнување на она што е веќе учено во текот на денот/неделата и/или целата паралелка да избере заедничка активност како поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (на пример, една од повеќе понудени работилници од Образование за животни вештини).<br><br>На учениците од вториот образовен период им се нуди да избираат од четири категории слободни изборни предмети: (1) изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети (пример: математичко-логичко резонирање, програмирање, сликање/цртање/вајарство, класична култура, ); (2) изборни предмети за |

| | | |
|---|---|---|
| | | поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети (пример: фотографија, театарски работилници, танцување); (3) изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (пример: образование за животни вештини, мултикултурни работилници); (4) изборни предмети од спортско-рекреативен карактер (пример: фудбал, кошарка, ракомет, одбојка);<br><br>За да се обезбеди почитување на јазичниот и културниот идентитет на помалите етнички заедници, училиштето на учениците од овие заедници, кои учат на јазик различен од мајчиниот, им нуди можност за изучување на сопствениот јазик и култура почнувајќи од III одд. преку избор на еден од следните предмети: Јазик и култура на Ромите и Јазик и култура на Србите. По направениот избор предметот добива статус на дополнителен наставен предмет.<br><br>Направена е анкета на родители и ученици. Анкетирани се 459 родители и 292 ученика.<br><br>На прашањето: Дали сум запознаен со листа на изборни предмети?<br><br>Родителите се изјасниле на следен начин:целосно се согласуваат 49%, се согласуваат 40%, не се согласуваат 6% ,целосно не се согласуваат 1% и немаат информација 4%.<br><br>На прашањето: Дали изборни предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите инттереси? |

| | | |
|---|---|---|
| | | Се изјасниле на следниов начин: целосно се согласувам 38%, се согласувам 40%, не се согласувам 12%, целосно не се согласувам 5% и немам информација 5%.<br>На прашањето: Дали сам/а ги имам избрано слободините изборни активности и предмети во кои учествувам?<br>Учениците одговориле на следниов начин: целосно се согласувам 33%, се согласувам 38%, не се согласувам 17%, целосно не се согласувам 9% и немам информација 3%.<br>*Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска*<br>*Член на училишен тим – Магдалена Миладиновска* |
| • Евиденција од часови;<br>• Евиденција од е-дневник;<br>• Извештај од анкетен прашалник за наставниот кадар; | Избор на задачи, активности и на ресурси | Наставниците во воспитно-образовната работа,односно наставниот процес користат разновидни задачи, активности и ресурси со цел остварување на планираните цели и задачи и реализирање на наставните содржини. При избор на истите, се земаат во предвид индивидуалните способности, можности и потреби на секој ученик, како и нивната возраст, предзнаења и стилови на учење.<br>Наставните форми и методи што ги избираат наставниците се фокусирани на процесот на стекнување на знаења и развивање на способности за учење кај учениците а не пласирање на готови знаења. На тој начин, наставниците ја прилагодуваат наставата на учениците и овозможуваат активно вклучување на |

| | | |
|---|---|---|
| • Извештај од анкетен прашалник за учениците;<br><br>• Извештај од стручни активи;<br><br>• Годишни,тематски и дневни планирања | | учениците во наставата кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми. Истите придонесуваат за развивање на критичко мислење кај учениците и логичко заклучување како и стекнување на знаења применливи во секојдневниот живот.<br><br>Разновидноста на наставните средства и материјали кои ги применуваат наставниците во наставната практика, придонесуваат за креирање средина за учење која нуди најразлични доживувања и стекнување искуства, кои освен когнитивниот развој на учениците го поддржуваат и нивниот социо-емоционален развој.<br><br>Ресурсите со кои располага училиштето се употребуваат на функционален начин. За непречено одвивање на часовите, на наставниците им се достапни и различни нагледни средства кои ја приближуваат наставата до учениците, манипулативни материјали кои го олеснуваат учењето и потрошен материјал со кој се овозможува реализација на наставата. Разновидноста на нагледните средства и наставните помагала што се применуваат во наставниот процес служат да ја зголемат активноста имотивацијата на учениците, да им го задржат фокусот на наставата и да придонесат заразвој на функционалните способности кај учениците.<br><br>Нашето училиште навремено организира обуки за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Исто така наставниците во рамки на стручните активи редовно разменуваат искуства од наставната практика-планирање на часовите, избор на соодветни наставни активности, |

| | | |
|---|---|---|
| | | задачи и методи, соработуваат и се надополнуваат.Работата на наставниот кадар континуирано се следи од страна на директорот на училиштето и стручната служба.<br><br>Во нашето училиште оваа година во однос на спроведување на самоевалуацијата на квалитетот на работата на училиштето, спроведен е анкетен прашалник за наставниот кадар (81 наставник), каде во рамки на подрачјето: Планирање, настава и учење се опфатени повеќе гореспоменати елементи.<br><br>На тврдењето „Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата”, наставниците во најголем дел 90% одговориле дека се согласуваат дека добиваат навремена обука. Многу мал дел од нив не се согласуваат 7% со оваа тврдење, додека 3% од нив сметаат дека не знаат дали добиваат навремена обука.<br><br>На исказот „Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците”, најголем број наставници целосно се согласуваат со тврдењето дека задачите и активностите ги приспособуваат со индивидуалните потреби на учениците, додека незначителен број не се согласуваат.<br><br>По тврдење „Во наставата користам различни ресурси за учење и настава “, најголемиот број наставници се изјасниле дека целосно се согласуваат, поголем број се согласуваат, додека ниту еден наставник не се изјаснил дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | не се согласува.<br>На исказот „Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање на проблеми“, најголемиот број наставници се изјасниле дека користат приоди во наставата кои поттикнуваат истражување и решавање на проблеми, ниту еден наставник не се изјаснил спротивно. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Наставниците во нашето училиште остваруваат пријателски однос со учениците и се однесуваат кон нив со почит и грижливост, што придонесува за развој на претставата за себеси кај секој ученик и за подобрување на учењето.<br>Интеракцијата на наставниците и нивните очекувања од учениците се во согласност со нивниот развој и учење. Наставникот во текот на денот често стапува во интеракција со секој ученик индивидуално, помагајќи му да стане посигурен и стимулирајќи го неговото учење и развој.<br>Наставниците го поттикнуваат социјалниот развој на учениците помагајќи им да стапат во меѓусебна интеракција и преку заемно разбирање, поддршка и развивање на чувство на припадност во заедницата да ги достигнат развојните и воспитно-образовните цели.<br>Наставниците подготвуваат активности за учениците преку кои тие треба да научат како да ги разликуваат чувствата, да ги препознаваат кај себе и кај своите другарчиња и да можат слободно да зборуваат за нив. На тој начин се воспоставува добра, стабилна и квалитетна интеракција и комуникација на |

| | | |
|---|---|---|
| | | релација ученик-ученик.<br><br>Во наставниот процес се негуваат демократските вредности така што секој ученик е поттикнат да го изрази своето мислење на начин соодветен за неговата возраст и да учествува во донесувањето одлуки. Со тоа се создава позитивна и мотивирачка атмосфера во училницата во согласност со емотивните, социјалните, физичките и когнитивните потреби и способности на ученикот.<br><br>За остварување на успешна итеракција во наставниот процес, наставниците користат разни форми, методи и средства преку кои се подобрува меѓусебната комуникација и социјализација и каде се почитува мислењето на секој поединец. Често усвојувањето на нови знаења и содржини се остварува преку реализирање на пректи, игри, истражувања, преку кои наставникот ја поттикнува иницијативноста, самостојноста и потребата за лидерство на учениците. Сите ученици се активно вклучени во наставата преку дискусија, поставување прашања, групни активности. Наставниците во таа непосредна интеракција со учениците, ја препознаваат нивната способност и знаења и ги мотивираат и поддржуваат за учество на разни натпревари и проекти.<br><br>Во анкетниот прашалник за ученици што е спроведен во нашето училиште учествуваа 292 ученика.Резултати од извештајот на истиот се следиве:<br><br>На тврдењето**:** „На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)“, најголем дел од |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците се согласуваат, односно 35% целосно се согласуваат, 48% се согласуваат, додека 14% од анкетираните ученици не се согласуваат, 2% од нив целосно не се согласуваат а само 1% незнаат или немаат таква информација.<br><br>Исто така во анкета на прашањето „Редовна пофалба на учениците“ како мотивција за напредокот и поголеми резултати се изјасниле: наставници, ученици и родители.<br><br>Резултати од анкетата покажуваат дека:<br><br>- наставниците се изјасниле 100%,<br><br>- учениците 84%,<br><br>- родители 84% дека нивните деца се пофалени од наставниците за постигнати резултати.<br><br>*Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска*<br><br>*Член на училишен тим – Анета Јовановска* |
| | Реализација на образовна инклузија | Училиштето реализира образовна инклузија, излегува во пресрет и одговара на различните потреби на учениците преку обезбедување пристап, зголемување на нивното учество во учењето, во училиштето и во заедницата. Тоа вклучува прилагодување на образовните содржини, соодветни наставни приоди и стратегии, како и организација на воспитно – образовниот процес воопшто, за да се овозможи квалитетно образование за сите. Сите ученици се вклучени и се прифатени , без оглед на нивните слабости во некои области, а соодветно на нивните потенцијали, се вклучуваат во редовните одделенија и |

| | | |
|---|---|---|
| | | им се обезбедуваат соодветни услови за учење, напредување и учество во животот на училиштето.<br>*Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска*<br>*Член на училишен тим – Тино Шаботиќ* |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Наставниците во нашето училиште остваруваат пријателски однос со учениците и се однесуваат кон нив со почит и грижливост, што придонесува за развој на претставата за себеси кај секој ученик и за подобрување на учењето.<br>Интеракцијата на наставниците и нивните очекувања од учениците се во согласност со нивниот развој и учење. Наставникот во текот на денот често стапува во интеракција со секој ученик индивидуално, помагајќи му да стане посигурен и стимулирајќи го неговото учење и развој.<br>Училиштето искажува позитивни перцепции и ставови за влијанието на реализираните активности за меѓуетничка интеграција . Позитивно ја вреднува и промовира родова, етничка, културна, верска и јазична разновидност. Планира заеднички наставни и/или воннаставни активности со партнер училиште за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. Учениците без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата, учат да ја почитуваат сопствената, културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија. Учествуваат во заеднички наставни активности преку заеднички часови, истражувачки проекти, заеднички |

| | | |
|---|---|---|
| | | вонннаставни и слободни ученички активности, како што се: екскурзии, секции, театарски претстави, креативни работилници, спортски игри итн. Целта е поголемо меѓусебно дружење, истражување, позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности, градење чувства на толеранција и соживот. Секој одделенски раководител и сите предметни наставници во училиштето во склоп на предметот кој го предаваат планираат и реализираат интегрирани активности од МИО .<br><br>Во учебната 2022/23 година во соработка со ООУ„Бајрам Шабани„-Куманово беа реализирани активности за Меѓуетничка интеграција во образованието.Реализираните активности придонесуваат за развој и унапредување на меѓуетничката интеграција и продолжување и продлабочување на соработката помеѓу двете училишта. Во текот на оваа учебна година реализирани се две активности од Меѓуетничка интеграција во образованието.<br><br>Првата активност беше рализирана на 03.03.2023 година по повод “8 Март”. Беше реализирана работилница со ученици од седмо одделение од ООУ„Браќа Миладиновци “ и ООУ„Бајрам Шабани“.Мотото беше „Цвет за секоја жена“. На работилницата учествуваа 25 ученици и 5 наставници изедначени по пол и национален состав. Учениците во мешани групи изработија хамери со пораки за денот на жената и истите ги презентираа.<br><br>Втората активност е настан по повод “8 Март”, одржан на Градскиот плоштад под мото „Цвет за секоја жена“. Учествуваа ученици од двете училишта.На |

| | | |
|---|---|---|
| | | Градскиот плоштад беа поставени штандови на кои беа изложени изработките од работилницата –цветови од оригами.Цветовите беа подарувани со честитки на двата јазика.На настанот учествуваа наставници и родители.<br><br>Во учебната 2023/24 година во соработка со ООУ„Бајрам Шабани‘‘-Куманово беа реализирани активности за Меѓуетничка интеграција во образованието. Реализираните активности придонесуваат за развој и унапредување на меѓуетничката интеграција и продолжување и продлабочување на соработката помеѓу двете училишта. Во текот на ова учебна година реализирани се две активности од Меѓуетничка интеграција во образованието.<br><br>Првата активност<br><br>На 29.02.2024 година ученици од IV2 и IV3 одделение од нашето училиште заедно со ученици од ООУ “Бајрам Шабани”, и нивните одделенски раководители, учествуваа во мултикултурна работилница со мешана групана ученици по повод 8 Март. Учениците чиј број изнесуваше вкупно 40 ученици, изработија 8$^{мо}$ Мартовски честитки и упатија пораки до сите жени во светот, напишани на двата наставни јазика. Изработените честитки беа подарени на жените од локалната заедница.<br><br>Втората активност<br><br>Мултикултурна шаховска секција на ученици од партнер училиштата „Браќа Миладиновци“ и „Бајрам Шабани“. Во шаховска секција учествуваа ученици од седмо и од второ одделение од двете училишта. Групите на ученици беа |

| | | |
|---|---|---|
| | | изедначени по пол, возраст и национален состав.<br>Реализирани беа неколку средби во месец март и април, како подготвителни средбина кои учениците ги совладуваа основните техники на играње шах. Истите беа одржани на ден 05.04.2024 и 12.04.2024 година во матичните училишта.<br>Шаховски натпревари со селективен карактер беше одржан на 19.04.2024 година на кој учествуваа 34 ученици од двете училишта од одделенска и предметна настава беше направена селекција на најдобри 12 ученици од одделенска настава и 12 ученици од предметна настава, изедначени по пол и национален состав, на кој учествуваа ученици, наставници и родители.<br>*Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска*<br>*Член на училишен тим – Бранкица Лититарова* |
| ***Индикатор 1.3Искуства на учениците од учењето*** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Изгледот на училниците;<br>• Организацијата на | Средина и атмосфера за учење | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат |

| | | |
|---|---|---|
| просторот;<br><br>• Уредени катчиња по наставни предмети ;<br><br>• Паноа;<br><br>• Ученички трудови изложени во холот на училиштето.<br><br>• Анкетен прашалник<br>• за родители | | мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и училиштето), почитувајќи естетски норми и истите редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.<br><br>Во нашето училиште не постојат услови за кабинетска настава, но сепак наставниците се тие кои што училниците ги прилагодуваат во пријатна и топла атмосфера. На тој начин ги подготвуваат учениците за сите предизвици кои доаѓаат со новото време. Учениците за средината во која учат сметаат дека е пријатна и мотивирачка.<br><br>Согласно со тоа според спроведена анкета на родители натврдење<br><br>„ Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете“ од вкупно анкетирани родители 459, поголем број се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето додека незначителен број на испитаници не се согласуваат.<br><br>Учениците се поттикнати од своите наставници самостојно да ги извршуваат своите задачи во врска со учењето и наставата. Училиштето ги мотивира и стимулира сите ученици да го постигнат својот максимум, со тоа што промовира принцип на индивидуален пристап кон учениците во сегментите на наставниот процес и кога е потребно го помага нивниот индивидуален |

| | | |
|---|---|---|
| • Анкетен прашалник за наставници | | развиток. Наставникот врз основа на достапните технички можности од страна на учениците, како и сопствените можности и компетенции, ги утврдува најсоодветните начини за комуникација со учениците и следствено – давање повратни информации.<br><br>**Атмосфера за учење**<br><br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање на проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат и редовно ги пофалуваат за вожениот труд со што придонесуваат за поголема мотивираност.<br><br>Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Сите ученици учествуваат во активностите на часот во текот на неговата реализација. Наставниците и учениците во рамки на часот, создаваат атмосфера за успешна реализација на наставата и процесот на учење, како и за поттикнување на соработка и почитување на другите. Секој наставник за време на своите часови наоѓа начини, методи и техники да ги охрабри своите ученици самостојно и критички да размислуваат и за време на часот да знаат да поставуваат прашања и самостојно да изведуваат заклучоци од она што го учат. Со иновативни приоди во користењето на ИКТ во образованието, |

| | | |
|---|---|---|
| • Записници од Одделенски совет | | учениците имаат целосна поддршка од наставниците бидејќи тие кај нив ги поттикнуваат и индивидуалните интереси, афинитети и способности. Во рамките на наставата, учениците и наставниците заеднички придонесуваат кон создавање на атмосферата за учење. Во тие услови, сите имаат свои задачи, обврски и предизвици.<br>Во училиштето се води сметка учениците да бидат вклучени во повеќе активности со цел да се потикне нивната одговорност. Се вклучуваат во повеќе тимови и активности и им се задаваат разновидни одговорности: дежурство, членови на одделенската заедница, членови во Училишен парламент, членови на еко тим и тим за безбедност. Реализирајќи ги зададените активности кај учениците се потикнува развојот на одговорност.<br>*Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска*<br>*Член на училишен тим – Драган Стефановски* |
| ***Индикатор 1.4Оценувањето како дел од наставата*** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Записници од стручни активи | Училишна политика за оценување | Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Поголем дел од предметните наставници посетуваат обуки за унапредување на оценувањето со запознавање на стандардите за оценување. Од прво до трето одделение учениците се |

| | | |
|---|---|---|
| • Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, контролни и писмени работи, бодовни и чек листи)<br><br>• Прашалници за наставници, родители иученици<br><br>• Ученички портфолија<br><br>• Увид во педагошка евиденција и документација<br><br>• Инструмент за следење и вреднување на работа на наставникот за | Методи, форми и инструменти за оценување | оценуваат описно, од четврто до шесто описно и бројчано само на крајот на учебната година, а од седмо до деветo само бројчано. Што се однесува до учениците со ИОП континуирано се следат во текот на целата учебна година. Напредокот и постигнувањата на учениците исто така се следат во текот на цела година. За подобрување на квалитетот на воспитно образовниот процес постојано се зборува на стручните активи за позитивните и негативните страни во работата на наставниците.На стручните активи се усогласуваат критериуите за оценување и националните стандарди за постигнувања на учениците.<br><br>Оценувањата на учениците се врши на два начина: Формативно оценување (континуиран процес на следење, проверување и вреднување на постигнувањата) и сумативно оценување (мерење на постигањата на ученикот на тромесечие на полугодие или на крајот на учебната година).<br><br>Резултатите се користат за оформување на оценката. Оценувањето секогаш е праведно, јавно и транспарентно.<br><br>Дека оценувањето на учениците е секогаш праведно потврдува и направената анкета од која може да видиме дека поголем број 69% од испитаниците се сложуваат со оваа тврдење, а додека мал број 31% не се сложуваат.<br><br>Наставниците редовно известуваат за постигнувања на учениците и начините за нивно подобрување. За оваа дознаваме од направената анкета каде имаме најголем број или 79% се сложуваат, а само незначителен број 21% не се сложуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| оценувањето на постигнувањата на учениците<br><br>• Инструмент за следење на ученици со ИОП<br><br>• Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава<br><br>• Критериуми за оценување и стандарди за постигањата на учениците и начин на проверка<br><br>• Полугодишни и годишни анализи за успех | | Пак што се однесува до постигнувања на учениците на училиште, родителите се навремено известени дури најголем број 92%, само незначителен број 8 % не се сложуваат.<br><br>Од самата анкета може да заклучиме дека најголем број или точно 85% од испитаните ученици се сложуваат дека оценувањето е јавно и транспарентно.<br><br>По секој наставен предмет оценувањето се врши врз основа на критериумите и стандардите за оценување изготвени од МОН. Проверка на знаењата се врши преку усни и писмени проверувања преку изработки и практични изведби во зависност од карактерот на наставниот предмет, чек листи, скала на проценка, листа за самооценување, наставно ливче, есејски прашања и друго. Задолжително се води евиденција во ученички портфолија, одделенски дневници и наставнички портфолија. Наставниците покажуваат желба за осовременување на наставниот процес и применуваат разновидни форми, методи и техники.<br><br>Најголем број од часовите сите ученици активно се вклучени во наставата 70% каде што можат да поставуваат прашања, дискутираат и работат во групи.<br><br>Во планирање на наставата сите наставници користат различни ресурси за учење и настава. Исто така најголм број се сложуваат дека учениците се потикнати самостојно да истражуваат и самостојно да ги решаваат сите проблеми, а незначителен број или  не се сложуваат со оваа тврдење.<br><br>Што се однесува до примена на различни начини за оценување на учениците, |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците зе изјаснуваат позитивно дека применуваат различни начини на оценување или најголем број 97.5% додека незначителен број или 2,5% не се согласуваат.<br><br>Кај учениците со посебни потреби кои се инклузирани во редовна настава оценувањето се одвива според прилагодени критериуми и стандарди испланирани на почетокот на учебната година.<br><br>*Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска*<br><br>*Член на училишен тим – Мартин Серафимовиќ* |
| • Правилник за оценување и напредување на учениците<br><br>• Анкети со ученици и родители<br><br>• Увид во педагошка евиденција и документација | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби.Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување.<br><br>Од анкетираните ученици (292 ученика), во поголем број 79% се согласуваат дека наставниците однапред им објаснуваат што треба да се знае за секоја оцена,а во незначителен број 21% од анкетираните ученици не се согласуваат.<br><br>Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку усни одговори, писмени работи, тестови на знаење, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста и др.<br><br>Од анкетираните ученици во најголем број 93% сметаат дека наставниците користат различни начини за проверка на знаењата, а во незначителен број 7% не се согласуваат. |

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивниот напредок и во најголем број 79% се согласуваат со тоа, а во незначителен број 21% не се согласуваат.

Со инструменти за оценување континуирано се следи и оценува напредокот на учениците на ниво на Стручни активи и во соработка со Стручна служба.

Коефициентот на континуитет на успехот по предмети е прикажан во следните табели:

| **Учебна 2021/2022 година** | | | |
|---|---|---|---|
| Одделение | VII одд. | VIII одд. | IX одд. |
| Среден успех на полугодие | 4,18 | 3,93 | 4,01 |
| Среден успех на крај | 4,38 | 4,20 | 4,40 |
| Коефициент | **0,95** | **0,94** | **0,91** |

| **Учебна 2022/2023 година** | | | |
|---|---|---|---|
| Одделние | VII одд. | VIII одд. | IX одд. |
| Среден успех на полугодие | 4,08 | 4,01 | 3,95 |
| Среден успех на крај | 4,39 | 4,34 | 4,39 |
| Коефициент | **0,93** | **0,92** | **0,90** |

Коефициентот на континуитет на успехот на ниво на училиште од трите претходни последователни години,пресметан како однос на среден успех на училиштето на полугодието и на крајот е поголем од 0,9 што значи дека оценвањето е праведно.Коефициентот на континуитет на успехот по предмети е прикажан во следните табели:

| **Учебна 2023/2024 година** | | | |
|---|---|---|---|
| Одделение | VII одд. | VIII одд. | IX одд. |
| Среден успех на полугодие | 4,12 | 3,80 | 3,99 |
| Среден успех на крај | 4,38 | 4,10 | 4,19 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коефициент | **0,94** | **0,93** | **0,95** |

| **Учебна 2021/2022 година** | | | |
|---|---|---|---|
| Наставни предмети | **VII одд.** | | |
| | полугодие | крај | коефициент |
| Македонски јазик | 3,69 | 4,21 | **0,88** |
| Математика | 3,16 | 3,66 | **0,86** |
| Англиски јазик | 4,20 | 4,23 | **0,99** |
| Германски јазик | 3,41 | 3,73 | **0,91** |
| Италијански јазик | 4,45 | 4,41 | **1,01** |
| Француски јазик | 4,81 | 4,74 | **1,01** |
| Музичко образование | 4,15 | 4,62 | **0,90** |
| Ликовно образование | 4,42 | 4,55 | **0,97** |
| Историја | 3,43 | 3,65 | **0,94** |
| Географија | 3,66 | 3,96 | **0,92** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Биологија | 3,48 | 3,64 | **0,96** |
| Информатика | 4,14 | 4,15 | **0,99** |
| Етика | 4,03 | 4,47 | **0,90** |
| Физичко и здравствено образование | 4,48 | 4,61 | **0,97** |
| Истражување на родниот крај | 4,60 | 4,78 | **0,96** |
| | | | |
| Наставни предмети | **VIII одд.** | | |
| | полугодие | крај | коефициент |
| Македонки јазик | 3,68 | 3,98 | **0,92** |
| Математика | 3,30 | 3,60 | **0,92** |
| Англиски јазик | 4,30 | 4,56 | **0,94** |
| Италијански јазик | 3,35 | 3,99 | **0,84** |
| Музичко образование | 4,31 | 4,45 | **0,97** |
| Ликовно образование | 3,85 | 4,42 | **0,87** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Историја | 3,67 | 3,50 | **1,05** |
| Географија | 4,21 | 3,95 | **1,07** |
| Биологија | 3,66 | 3,94 | **0,93** |
| Граѓанско образование | 3,38 | 4,13 | **0,82** |
| Физика | 3,64 | 3,49 | **1,04** |
| Хемија | 2,98 | 3,44 | **0,87** |
| Физичко и здравствено образование | 3,06 | 4,96 | **0,62** |
| Проекти од ликовна уметност | 4,49 | 4,56 | **0,98** |
| | | | |
| Наставни предмети | **IX одд.** | | |
| | полугодие | крај | коефициент |
| Македонки јазик | 4,05 | 4,28 | **0,95** |
| Математика | 3,50 | 3,68 | **0,95** |
| Англиски јазик | 4,16 | 4,53 | **0,92** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Германски јазик | 3,07 | 4,11 | **0,75** |
| Италијански јазик | 3,89 | 3,89 | **1,00** |
| Француски јазик | 4,80 | 5,00 | **0,96** |
| Музичко образование | 4,15 | 4,55 | **0,91** |
| Ликовно образование | 3,84 | 4,69 | **0,82** |
| Историја | 3,94 | 4,12 | **0,96** |
| Географија | 4,02 | 4,50 | **0,89** |
| Биологија | 3,93 | 4,02 | **0,98** |
| Граѓанско образование | 3,91 | 4,23 | **0,92** |
| Физика | 3,82 | 3,89 | **0,98** |
| Хемија | 3,42 | 3,68 | **0,93** |
| Иновации | 3,65 | 3,58 | **1,02** |
| Физичко и здравствено образование | 4,48 | 4,64 | **0,97** |
| Програмирање | 4,45 | 4,53 | **0,98** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Проекти од музичка уметност | 4,45 | 4,86 | **0,92** |

Од табелите може да се забележи дека и оценувањето на учениците по предмети е праведно.

| **Учебна 2022/2023 година** | | | |
|---|---|---|---|
| Наставни предмети | **VII одд.** | | |
| | полугодие | крај | коефициент |
| Македонски јазик | 3,75 | 4,00 | **0,94** |
| Математика | 3,22 | 3,60 | **0,90** |
| Англиски јазик | 4,53 | 4,62 | **0,98** |
| Германски јазик | 3,56 | 4,00 | **0,90** |
| Италијански јазик | 4,67 | 4,65 | **1** |
| Француски јазик | 5,00 | 5,00 | **1** |
| Музичко образование | 4,49 | 4,69 | **0,96** |

Користење на информациите од оценувањето во наставата

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ликовно образование | 4,61 | 4,90 | **0,94** |
| Историја | 3,92 | 4,11 | **0,95** |
| Географија | 3,62 | 3,76 | **0,96** |
| Биологија | 3,44 | 3,54 | **0,97** |
| Информатика | 4,24 | 4,48 | **0,95** |
| Етика | 3,98 | 4,54 | **0,88** |
| Физичко и здравствено образование | 4,86 | 4,98 | **0,98** |
| Истражување на родниот крај | 4,59 | 4,83 | **0,95** |
| | | | |
| Наставни предмети | **VIII одд.** | | |
| | полугодие | крај | коефициент |
| Македонки јазик | 3,80 | 4,27 | **0,89** |
| Математика | 3,15 | 3,53 | **0,89** |
| Англиски јазик | 4,34 | 4,52 | **0,96** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Италијански јазик | 4,05 | 4,31 | **0,94** |
| | | Германски јазик | 3,44 | 3,75 | **0,92** |
| | | Француски јазик | 4,65 | 4,74 | **0,98** |
| | | Музичко образование | 4,50 | 4,58 | **0,98** |
| | | Ликовно образование | 4,32 | 4,57 | **0,95** |
| | | Историја | 3,80 | 4,02 | **0,95** |
| | | Географија | 3,75 | 4,17 | **0,90** |
| | | Биологија | 3,20 | 3,48 | **0,92** |
| | | Граѓанско образование | 3,64 | 4,10 | **0,89** |
| | | Физика | 2,89 | 3,40 | **0,85** |
| | | Хемија | 3,25 | 3,67 | **0,89** |
| | | Физичко и здравствено образование | 3,81 | 4,29 | **0,89** |
| | | Проекти од ликовна уметност | 4,61 | 4,84 | **0,95** |
| | | Проекти од информатика | 4,62 | 4,77 | **0,97** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Наставни предмети | **IX одд.** | | |
| | полугодие | крај | коефициент |
| Македонки јазик | 3,74 | 4,17 | **0,90** |
| Математика | 3,08 | 3,46 | **0,89** |
| Англиски јазик | 4,67 | 4,64 | **1,01** |
| Германски јазик | 3,51 | 4,08 | **0,86** |
| Италијански јазик | 3,82 | 4,18 | **0,91** |
| Музичко образование | 4,28 | 4,57 | **0,94** |
| Ликовно образование | 4,24 | 4,63 | **0,92** |
| Историја | 3,81 | 4,06 | **0,95** |
| Географија | 3,71 | 3,96 | **0,94** |
| Биологија | 3,05 | 4,10 | **0,74** |
| Граѓанско образование | 4,02 | 4,32 | **0,93** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Физика | 3,32 | 3,52 | **0,94** |
| | | Хемија | 3,31 | 3,65 | **0,91** |
| | | Иновации | 3,76 | 4,18 | **0,81** |
| | | Физичко и здравствено образование | 4,70 | 4,99 | **0,94** |
| | | Програмирање | 3,75 | 4,62 | **0,81** |
| | | Проекти од музичка уметност | 4,95 | 4,95 | **1** |
| | | Проекти од информатика | 5,00 | 5,00 | **1** |
| | | | | | |
| | | **Учебна 2023/2024 година** | | | |
| | | Наставни предмети | **VII одд.** | | |
| | | | полугодие | крај | коефициент |
| | | Македонски јазик | 4,00 | 4,39 | **0,91** |
| | | Математика | 3,48 | 3,77 | **0,92** |
| | | Англиски јазик | 4,39 | 4,51 | **0,97** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Германски јазик | 3,47 | 4,02 | **0,86** |
| Италијански јазик | 4,35 | 4,41 | **0,99** |
| Француски јазик | 4,29 | 4,57 | **0,94** |
| Музичко образование | 4,41 | 4,60 | **0,96** |
| Ликовно образование | 4,41 | 4,63 | **0,95** |
| Историја | 3,87 | 4,06 | **0,95** |
| Географија | 3,59 | 4,02 | **0,89** |
| Биологија | 4,01 | 4,12 | **0,97** |
| Информатика | 4,17 | 4,45 | **0,94** |
| Етика | 4,28 | 4,55 | **0,94** |
| Физичко и здравствено образование | 4,93 | 4,90 | **1,01** |
| Истражување на родниот крај | 4,53 | 4,67 | **0,97** |
| | | | |
| Наставни предмети | **VIII одд.** | | |

| | полугодие | крај | коефициент |
|---|---|---|---|
| Македонки јазик | 3,72 | 3,97 | **0,94** |
| Математика | 2,99 | 3,27 | **0,91** |
| Англиски јазик | 4,37 | 4,50 | **0,97** |
| Италијански јазик | 4,12 | 4,75 | **0,87** |
| Германски јазик | 3,29 | 3,74 | **0,88** |
| Француски јазик | 5,00 | 4,80 | **1,04** |
| Музичко образование | 4,45 | 4,64 | **0,96** |
| Ликовно образование | 4,72 | 4,66 | **1,01** |
| Историја | 3,59 | 3,70 | **0,97** |
| Географија | 3,63 | 3,74 | **0,97** |
| Биологија | 3,23 | 3,71 | **0,87** |
| Граѓанско образование | 3,59 | 3,97 | **0,90** |
| Физика | 3,00 | 3,39 | **0,88** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Хемија | 3,21 | 3,51 | **0,91** |
| Физичко и здравствено образование | 4,90 | 3,98 | **1,23** |
| Проекти од ликовна уметност | 4,76 | 4,82 | **0,99** |
| Проекти од информатика | 4,66 | 4,59 | **1,01** |
| | | | |
| Наставни предмети | **IX одд.** | | |
| | полугодие | крај | коефициент |
| Македонки јазик | 4,00 | 4,50 | **0,89** |
| Математика | 2,98 | 3,50 | **0,85** |
| Англиски јазик | 4,18 | 4,58 | **0,91** |
| Германски јазик | 3,36 | 3,71 | **0,91** |
| Италијански јазик | 4,20 | 4,48 | **0,94** |
| Француски јазик | 4,39 | 4,56 | **0,96** |
| Музичко образование | 4,32 | 4,51 | **0,96** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ликовно образование | 4,30 | 4,59 | **0,94** | |
| | | Историја | 3,65 | 3,81 | **0,96** | |
| | | Географија | 3,76 | 4,17 | **0,90** | |
| | | Биологија | 3,20 | 3,53 | **0,91** | |
| | | Граѓанско образование | 4,00 | 4,31 | **0,93** | |
| | | Физика | 3,15 | 3,48 | **0,91** | |
| | | Хемија | 3,17 | 3,65 | **0,87** | |
| | | Иновации | 4,02 | 4,12 | **0,98** | |
| | | Физичко и здравствено образование | 4,83 | 4,65 | **1,04** | |
| | | Програмирање | 4,30 | 4,74 | **0,91** | |
| | | Проекти од музичка уметност | 4,87 | 4,60 | **1,06** | |

Информациите добиени од оценувањето, наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира идните чекори за нивниот напредок.

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниот план и програма дава слобода наставниците да внесат измени во материјалите, измени во методите на предавање или додатни ресурси за да се зголеми интересот за учење. Наставниците ги препознаваат учениците кои потешко усвојуваат наставни содржини, дискутираат со учениците за нивните проблеми и ги вклучуваат во дополнителна настава. Ги препознаваат и учениците кои побрзо напредуваат и им предлагаат дополнителни наставни материјали, индивидуална настава или посебни програми за совладување на наставниот материјал, вклучувајќи ги во додатна настава. Постигнатите знаења учениците ги применуваат за учество на натпреварите .<br><br>*Член на училишна комисија -Јадранка Јосковска*<br><br>*Член на училишен тим – Гордица Миленковска* |
| ***Индикатор 1.5Воннаставни активности и натпревари*** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Разговор со директорот<br><br>• Разговор со ученици, наставници и родители | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, когнитивен, социо-емоционален, психомоторен, кариерен (професионален) и друг развој. Во училиштето се организираат краткотрајни и долготрајни активности со цел учениците да ја развијат својата индивидуалност, да ја зајакнат својата самодоверба да станат самостојни, |

| | | |
|---|---|---|
| • Педагошка евиденција и документација<br><br>• Годишна програма за работа на училиштето Полугодишен и годишен Извештај од работата на училиштето<br><br>• Програма за дополнителна и додатна настава | активности | отворени, креативни и изградени личности. На ваков начин кај учениците се развива подобра комуникација и учениците се социјализираат ,толерантни се едни кон други, кај нив се развива емпатија и чувство на припадност. Преку воннаставните активности кај учениците се поттикнува нивната креативност која резултира не само во подобрувањето во нивните постигања, туку и во нивните потенцијали во развивање на други вештини. Креативноста ја покажуваат и во многубројни учества на наградни конурси, натпревари, проекти, ликовни и литературни работилници во општината и надвор од неа, дури и на Меѓунродно ниво, учество на Еразмус проекти.<br><br>Редовно се организираат спортски активности во училиштето како: Игри без граници, атлетика, турири во пинг понг, тенис, ракомет, фудбал, кошарка, одбојка, пливање на ниво на нашето училиште како и во соработка со други. училишта и други релевантни фактори.Се организираат и спортски зимски и летни школи со наставици каде до израз доаѓа и тандем настава со професор по физичко образование и одделенските наставници. Особено важна ја истакнувам оваа тандем настава која е од особено значење за правилен раст и развој на една личност .<br><br>Во училиштето често се организираат и реализираат посети на институции од научно-истражувачи, едукативен и забавен карактер како на пример: посета на музеј, кино, театар (посетени многубројни театарски претстави), приредби кои сами ги организираме по повод патронен празник на училиштето кадешто голем број на ученици земаат учество. Посети од истражувачки карактер како |

| | | |
|---|---|---|
| • Список на ученици вклучени во воннаставни активности<br><br>• Освоени награди и пофалници на натпревари | | на пример: Посета на локалитет Кокино, Опсерваторија Кокино, планинарење со искусни планинари во околината на градот и околните села пример: Студена Вода, Бислимска Клисура, Меморијално - рекреативен центар во Пелинце).Учениците имаат богат избор на воннанставни активности и секој според свои интереси и желби избира активности.<br><br>Во рамките на училиштето се организираат активности, како што се маскенбали, приредби, организирање на масовни работилници – базари и саеми (посета на саем на книга во Скопје и многубројни посети во Градската библиотека „Тане Георгиевски” од Куманово каде што учениците имаат можност да посетуваат и разни промоции на книги за деца каде што и самите се промотери на некои од детските книги напишани од домашни автори). Учества во натпревари во рецитирање на ниво на Општина Куманово, учества на базари особено за празници и важни датуми пример:(3 Декември Базар наменет за деца со ПОП, Новогодишен базар, Базар за празникот на мајките ).<br><br>Редовно се изведуваат излети, еднодневни два пати годишно на почеток на учебната година во месец септември и на крајот од учебната година во месец јуни.Се изведуваат и екскурзии на ниво на генерации и Настава во природа во петто одделение со запазување на сите процедурални насоки за нивно успешно реализирање и со однапред изготвен план и програма. Секогаш на почеток на учебната година се прави наставен план и програма за реализација на екскурзии .<br><br>Во рамките на Училиштето и надвор од него (заедницата) се организираат и |

| | | |
|---|---|---|
| | | долготрајни воннаставни активности во вид на секции или клубови во кои членуваат голем број на наши ученици и постигнуваат врвни резултати од најразличи области.<br><br>Според новата Концепција, слободите изборни предмети и слободни активности, во одделенска настава се во рамките на редовната настава, додека во предметна настава се јавуваат во форма на клубови и секции (СУА).<br><br>Тековните реалзирани активности се истакнуваат на веб портал и фан страна на училиштето. Дел од воннаставните активните се реализираат во соработка со збратимени или партнер училишта на локално, државно и меѓународно ниво и преку Еразмус + проекти, повеќе невладини организации, здруженија на граѓани.<br><br>Сите планирани активности се внесени во Годишна програма и за истите се изготвува извештај.<br><br>Учениците се вклучени во воннаставните активности според сопствен избор, желба и интерес. Имаме хетерогени групи кои обезбедуваат градење соживот меѓу учениците. Во училиштето постојано имаме вклучување на учениците со ПОП во воннаставните активности. Учениците учествуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа за воннаставните активности. Ученичкото организирање (Ученички парламент) во целост ги исполнува сите свои задачи и поттикнува соработка и покренува иницијативи за повеќе активности од општествено-хуманитарна важност меѓу |

| | | |
|---|---|---|
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br><br>Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | кои посета на компании, организирани акции за рециклирање, собирни акции за помош во вид на храна и други активности. Преку воннаставни активности и ученичко организирање и во соработка и организација на Црвен Крст и други институции од сличен карактер, во третиот образовен период, се организираат општествено-хуманитарни-собирна акции (финансиска помош за социјално - ранлива категорија на семејства или здравствени проблеми (пари, храна, облека).<br><br>Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност кои се прилагодени според индивидуалните потреби и можности на учениците.Во воннаставните активности се вклучени и учениците со ПОП. Исто така голем број на ученици е вклучени во Мултикултурализмот, проекти од таков карактер заедно со партнер училишта. Воннаставните активности кои се нудат во училиштето се изготвени според барањата на Новата концепцијата, а учениците се вклучуваат во нив по сопствена желба и интереси.<br><br>Голем дел од наставниците планираат воннаставни активности а самиот избор на активности е направен според поширок спектар. Во училиштето се реализираат воннаставни активности со флексибилни програми и давање можност за измена на истите.<br><br>*Член на комисија -Јадранка Јосковска*<br><br>*Член на тим – Маја Поп Арсова* |

| | | |
|---|---|---|
| • Освоени награди и пофалници на натпревари<br><br>• Дипломи | Натпревари | Натпреварите во училиштата се важен дел од образовниот процес и придонесуваат за сеопфатен развој на учениците. Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации. Учениците учествуваат на натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници како и во други активности од натпреварувачки карактер и секогаш постигнуваат високи резултати. Учениците замаат учество на :<br><br>- **академски натпревари** (натпревар по математика, физика, хемија, биологија, географија, јазици) при што се потикнува академски интерес и истражувачки дух;<br><br>- **културно-уметнички натпревари** (ликовни конкурси, уметнички изложби, музички натпревари) кои придонесуваат за развој на уметнички таленти и културна свест;<br><br>- **спортски натпревари** (меѓуучилишни турнири, регионални и државни првенства) кои помагаат за физичка активност и здрав начин на живот;<br><br>- **технолошки и иновативни натпревари** (натпревари во програмирање, роботика, иновации) кои поттикнуваат интерес за нови технологии и иновации.<br><br>На овој начин кај учениците се развиваат разни вештини како: лидерство, тимска работа, решавање проблеми и критичко размислување. Учениците се социјализираат и градат пријателства.Со учество на натпревари се зголемува мотивација кај учениците за учење, личен развој, зголемување на самодоверба |

| | | |
|---|---|---|
| | | и натпреварувачкиот дух на учениците. Често се откриваат и развиваат таленти и интереси кои можат да влијаат на идната кариера на учениците.<br><br>Голем број на наставници планираат и реализираат училишни и подготвителни часови во текот на учебната година. Овие часови се поинтезивни пред натпревари како селекција за понатамошните натпреварувања на училишно, општинско, државно и повисоко ниво. Учениците јавно се пофалуваат на интернет страница на Училиштето, во медиуми (социјални мрежи и ТВ) и на крајот на учебната година на свечено доделување на пофалници и прогласување на истакнати ученици на паралелка и ученик на генерација.<br><br>По завршување на секоја учебна година се прогласува ученик на паралелка како ученик на генерација во IX одделение.<br><br>Тврдење „Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции)“<br><br>Учениците по однос на ова тврдење се изјасниле: 26% целосно се согласуваат, 37%се согласуваат, 20% не се согласуваат, 7% целосно не се согласуваат и 10% немаат информации.<br><br>Тврдење „Планот за воннаставни активности го изготвувам заедно со учениците“<br><br>Наставниците во најголем дел се изјасниле дека планот за воннаставни активности го изготвуваат заедно со учениците. Не значителен дел од нив немаат информација дали е тоа така и воедно не се согласуваат со ова |

| | | |
|---|---|---|
| | | тврдење.<br>Тврдење „ Моето дете е вклучено во воннаставни активности според сопствениот интерес“<br>Родителите во најголем дел сметаат дека нивните деца се вклучени во воннаставни активности според сопствен интерес но одреден дел од нив сепак семтаат дека тоа не е така.<br><br>Во учебната **2022/2023** година учениците имаат освоено бројни пофалници, дипломи и признанија .Освоени се вкупно 110 **општински награди** од кои 19 први, 46 втори и 45 трети награди. На **регионално ниво** освоени се вкупно 92 награди од кои 16 први, 20 втори и 56 трети награди. На **државно ниво** освоени се вкупно 28 награди од кои 10 први, 10 втори и 8 трети награди. На меѓународно ниво освоени се вкупно 2 први награди.<br>На ниво на училиштето освоени се вкупно 232 награди и во споредба со минатата учебна година има значително зголемување на бројот на награди. |

| **Наставни предмети** | **Општински натпревари** | | | **Регионални натпревари** | | | **Државни натпревари** | | | **Меѓународни натпревари** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | **II** | **III** | **I** | **II** | **III** | **I** | **II** | **III** | **I** | **II** | **III** |
| **Македонски јазик** | 3 | 1 | 5 | | | | 1 | | | | | |
| **Математика** | 5 | 3 | 5 | 9 | | 3 | 1 | | | | | |
| **Хемија** | 1 | 5 | 8 | | 3 | 5 | 2 | | 1 | | | |
| **Англиски јазик** | | 4 | 4 | 3 | 3 | 2 | | | | | | |
| **Информатика** | | | | | | | | | | 1 | | |
| **Географија** | | | 4 | | | | | | | | | |
| **Физика** | | 1 | 1 | | 1 | 1 | | | | | | |
| **Биологија** | 1 | 2 | 2 | | 3 | 14 | | 1 | 5 | | | |
| **Природни науки** | 5 | 26 | 16 | 4 | 10 | 31 | 3 | 8 | 2 | 1 | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ликовно образование** | 1 | 1 | | | | | 3 | | | | | |
| **ТО** | | | | | | | | | | | | |
| **ФЗО** | 3 | 3 | | | | | | 1 | | | | |
| **Вкупно** | **19** | **46** | **45** | **16** | **20** | **56** | **10** | **10** | **8** | **2** | | |

Во учебната **2023/2024** година освоени се вкупно 113 **општински награди** од кои 33 први, 38 втори и 42 трети награди. На **регионално ниво** освоени се вкупно 81 награда од кои 14 први, 24 втори и 43 трети награди. На **државно ниво** освоени се вкупно 60 награди од кои 13 први, 20 втори и 27 трети награди. Училиштето зеде активно, успешно учество во 4 **меѓународни проекти**: „Училница со ретка добрина“ , „Ретки се“, „Моќта на учителот“ и „Креативна примена на нови наставни техники“. На ниво на училиштето освоени се вкупно 254 награди за оваа учебна година. Оваа учебна година во споредба со минатата освоени се значително поголем број на награди и признанија.

| **Наставни предмети** | **Општински натпревари** | | | **Регионални натпревари** | | | **Државни натпревари** | | | **Меѓународни натпревари** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | **II** | **III** | **I** | **II** | **III** | **I** | **II** | **III** | **I** | **II** | **III** |
| **Македонски јазик** | 2 | | 2 | | | | | | | | | |
| **Математика** | 9 | 5 | 12 | | 6 | 4 | | | 1 | | | |
| **Хемија** | 1 | | | 1 | | | | | 1 | | | |
| **Англиски јазик** | 1 | 5 | 5 | 3 | 2 | 2 | | 3 | 2 | | | |
| **Информатика** | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | |
| **Географија** | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | |
| **Физика** | 1 | | | 1 | | | 1 | | | | | |
| **Биологија** | 2 | 15 | 12 | 4 | 6 | 5 | 4 | 12 | 12 | | | |
| **Природни науки** | 10 | 9 | 5 | 4 | 5 | 28 | 4 | 3 | 7 | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ликовно образование** | 2 | 2 | | | 1 | | 3 | | 1 | | | |
| **Италијански јазик** | | | | 1 | 3 | 2 | 1 | | | | | |
| **ФЗО** | 3 | 2 | 4 | | 1 | | | 2 | 1 | | | |
| **Вкупно** | **33** | **38** | **42** | **14** | **24** | **43** | **13** | **20** | **27** | | | |

Анкетирани се вкупно 292 ученици.

На тврдењето: „Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари“

Се изјасниле дека целосно се согласуваат 35%, се согласуваат 36%, не се согласуваат 18%, целосно не се согласуваат 8% и 3% немаат информации.

Учениците јавно се пофалуваат на интернет страница на Училиштето, во медиуми( социјални мрежи и ТВ) и на крајот на учебната година на свечено доделување на пофалници и прогласување на истакнати ученици и ученик на генерација.

*Член на комисија -Јадранка Јосковска*

*Член на тим – Годана Јовановска*

## *Подрачје 1: Планирање, настава и учење*

**Опис/резиме на подрачјето**

Во нашето училиште успешно се реализираат наставните планови и програми одобрени од МОН со одредени прилагодувања на индивидуални психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите. Сите видови на настава: задолжителна, изборна и слободните ученички активности како и дополнителната и додатната настава и воннаставни активности се квалитетно планирани и реализирани што им дава можност на учениците активно да се вклучат во нивна реализација без разлика на полот, етничата припадност и разликите во способностите.

Наставниците изготвуваат навремени планирања за воспитно образовната работа.Изготвуваат различни видови на планирања кои овозможуваат воспоставување корелација меѓу предметите кои се интегрираат и целосно ангажирање на ученикот во решавањето на проблемите и задачите. За збогатување на наставата во работата со учениците се користат различни методи и техники на учење кои му овозможуваат на наставникот да добие правилна слика за напредувањето на учениците во учењето и развојот, се поттикнува критичкото мислење кај учениците од сите возрасти и во рамките на сите наставни предмети.Училиштето е отворено за родителите и за сите оние кои се заинтересирани за неговото работење.Училишната средина ги стимулира и мотивира подеднакво учениците од двата пола преку воннаставни активности, промовирање и изложување на ученички трудови, резултати од натпревари.

Современата и квалитетна настава е еден од главните фактори кои влијаат на подобрување на постигањата на учениците.Во нашето училиште тоа се постигнува со воведување на нови ,современи методи и техники на учење,активно учество на учениците во наставата,преку изготвување на разни проекти,портфолиа и др.,вклучување на надворешни лица кои во рамките на својата дејност придонесуваат за подобрување на квалитетот и квантитетот на знаењата и постигнувањата на учениците.Во процесот на следење и оценување на нивните знаењата учениците

подеднакво се третираат ,оценувањетое праведно,јавно и транспарентно.Постигањата на учениците редовно се следат и споредуваат од страна на Наставничкиот совет.Подеднакво се работи на подобрување на успехот и со оние ученици кои имаат потешкотии во учењето  кои се вклучени со инклузија и со надарените ученици.Со добро организирана стратегија и план за работа на сите ученици им се овозможува успешно да го завршат своето основно образование.

**Силни страни**

- Училиштето спроведува образовна инклузија на високо ниво, преку одлична соработка на Училишен инклузивен тим, образовни асистенти и сите наставници, во соработка со ОУРЦ „ Иднина “ Скопје со што се искористени максимум потенцијали и потреби на учениците.
- Училиштето врши промоција на активностите на МИО со партнер-училиште ООУ „ Бајрам Шабани “ во континуирана соработка низ работилници со што се подобрува и поттикнува мотивираноста на учениците.
- Учениците постигнуваат врвни резултати на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво со и без акредитација.

**Слаби страни**

- Недоволен број на образовни асистенти вклучени во самиот процес во редовна настава.

**Приоритети**

- Организирање на обуки на наставници за работа со инклузирани ученици и талентирани ученици.
- Обезбедување образовен асистент на секој ученик со МКФ

## *Подрачје 2: Потигања на учениците*

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 2.1  Постигања на учениците<br><br>2.2 Мерки за подобрување на постигањата |

## *Подрачје 2: Постигања на учениците*

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| ***Индикатор 2.1 Постигања на учениците*** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Училишни програми и извештаи;<br>• Самоевалуација;<br>• Записници од | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик | Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети, по класификациони периоди и по учебни години. Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Советот на |

| | | |
|---|---|---|
| стручните органи на училиштето;<br>• Извештаи од стручната служба;<br>• Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето;<br>• Е-дневник;<br>• Анализи на успехот на учениците;<br>• Записници од Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници и Наставнички совети;<br>• Табеларни прегледи по тримесечја и квалификациони периоди за постигањата на учениците; | на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | одделенските наставници и Наставничкиот совет.<br>Во училиштето наставата се изведува на македонски јазик.Бројната состојба на учениците се движи од 1254 во учебната 2022/2023 година и 1240 во 2023/2024 година Според етничката припадност, во учебната 2022/2023 година, најголем дел од вкупниот број ученици се Македонци 87,5%. Од друга етничка припадност во нашето училиште учат: Срби (6,5%), Роми (4,5%) и други националности (1,5%): Хрвати, Бошњаци и Турци во централното училиште, како и Албанци во посебни паралелки. На крајот на секој класификационен период се изработуваат табеларни прегледи за успехот на учениците по пол и етничка припадност. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети.<br>Од анализите за **успехот на учениците според пол**, во учебната 2022/2023 година поголем процент одлични ученици се девојчињата со 72,77% од вкупниот број девојчиња, а 58,64% одлични ученици машки од вкупниот број машки.<br>Од анализите за **успехот на учениците според етничката припадност**, најголем дел од Македонците и Србите се со одличен успех, а кај Ромите преовладува добар успех.<br>Постигањата на учениците од I-III одделение се оценети на три нивоа со описни оценки. Постигањата на учениците од IV до VI одделение се |

| | | |
|---|---|---|
| • Евидентни листови за постигањата на успехот на учениците;<br>• Увид во педагошка евиденција и документација;<br>• Покани за родителски состаноци за секој квалификационенпериод за постигањата на учениците;<br>• Евиденција на индивидуални средби со родители во печатена форма и во е-дневник;<br>• Распоред со термини за консултации со родители. | | оценети со четири нивоа описни оценки, а на крајот од учебната година со бројчани оценки. Преовладуваат описни оценки од високо ниво.<br>Постигањата на учениците во третиот образовен период се оценуваат со бројчани оценки.<br>Од анализите за **успехот на учениците според наставни предмети** и квалификациони периоди, најдобри резултати се постигнати по вештините, уметностите и јазиците, малку послаби по општествените, а најслаби по природните науки.<br>Во последните две години поголем процент од учениците постигнале одличен успех. Според изготвените анализи, **средниот успех** на учениците во последните две учебни години може да се види дека: средниот успех на ниво на училиштето за 2022/2023 година изнесува 4,53 и 4,47 во учебната 2023/2024 година.<br>Во однос на **квалификационите периоди** најдобри и највисоки резултати има постигнато во четвртото тримесечје или на крајот на учебната година. Во 2022/2023 година, средниот успех се движи од 3,75; 4,01; 3,97 до 4,53 на крајот на учебната година. Во 2023/2024 година, средниот успех се движи од3,83; 3,97; 3,91 до 4,47 на крајот на учебната година.<br>Сите овие податоци се достапни во форма на табеларни прегледи кои се предаваат за секој класификационен период од страна на |

| | | |
|---|---|---|
| | | одделенските раководители.<br><br>Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставните активности и уредно се води евиденција. На Наставничкиот совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија и се предлагаат активности за подобрување на истиот. Училишниот одбор ги разгледува извештаите за подобрување на постигањата на учениците од прво и второ полугодие. Во текот на учебната година, податоците за постигањата на учениците редовно се внесуваат во електронскиот дневник на паралелката, евидентните листови на учениците, полугодишните и годишните извештаи. Училиштето располага и со **споредбена анализа на успехот, редовноста и поведението по класификациони периоди**. Посебно се следат постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава. Во учебната 2022/23 година има намалување на средниот успех од 4,79 на 4,50.<br><br>Училиштето промовира уверување (докази) дека учениците без разлика на етничката и верската припадност и економскиот и социјалниот статус покажуваат резултати според своите можности и способности. Училиштето ги промовира еднаквите можности на сите ученици и го активира потенцијалот за постигнување на максимални резултати во рамките на изјавата од мисија и визија на училиштето кои се достапни и |

| | | |
|---|---|---|
| | | видливи за сите ученици, родители, наставници и пошироката заедница. Подобрувањето на постигањата на учениците се поттикнува со формативното оценување. Исто така се поттикнува и преку реализацијата на дополнителната и додатната настава кои се реализираат според предходно изготвен распоред и според потребите на секој ученик и во корелација со одделенските и предметните наставници. Родителите имаат можност да го користат е-дневникот за да се информираат за успехот, постигањата и редовното посетување на наставата на нивните деца. Доколку учениците покажат намалување на успехот и несоодветно однесување и подолго отсуство од наставата, нивните родители се повикуваат на советодавен разговор или родителите се упатуваат на советување како законска регулатива.<br><br>*Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска*<br>*Член на училишен тим: Жаклина Трајковиќ*<br>*Член на училишен тим: Анета Давидовска* |
| • Извештај за меѓународна студија ТИМСС;<br>• Извештај за | Резултати од екстерни тестирања | Училиштето зема активно учество во пробно тестирање од меѓународната студија **ТИМСС**, спроведено од Државен испитен центар во учебната 2022/2023 и 2023/2024 година, како едно од 120 училишта каде тестирањето се врши во дигитална форма по предметите природни науки и математика, во траење од 3 часа. Во учебната 2022/20023 |

| | | |
|---|---|---|
| меѓународна студија Талис;<br>• Извештај за меѓународно тестирање за петти одделенија по предметите мајчин јазик и математика. | | година во месец мај се опфатени 53 ученика: 22 ученика од IV-2 и 31 ученик од IV-5 одд. Од тестираните 29 се Македонци и 2 се Роми. Во повторената студија во учебната 2023/2024 година во месец мај се тестирани 52 ученика од кои 22 ученика се од V-2 и 30 ученика се од V-5 одд., од кои 29 Македонци и 1 Ром. Целта на оваа повторена студија овозможува следење и споредба на постигањата и напредокот на учениците по конкретни предмети, проверка на постигнатите стандарди и мотивација за напредување и нивно целосно усвојување.<br><br>Училиштето оваа учебна 2023/2024 година учествува во **меѓународното тестирање** на петтите одделенија по предметите мајчин јазик и математика, по случаен избор во месец јуни во кој се опфатени по 6 ученика од V-1 од кои 1 е со посебни потреби V-2, 7 ученика од V-3, 4 ученика од V-4 и 7 ученика од V-5 одделение. Сите тестирани ученици по националност се Македонци. Резултатите ќе бидат доставени во училиштето со оценка запишана во училишна книшка.<br><br>Покрај тестирање на ученици, училиштето активно учествува и во меѓународната студија **ТАЛИС** во учебната 2023/2024 година со која се анкетирани 20 наставници по електронски пат, по случаен избор, со прашања од областа која ја предаваат во траење од 1 час. Со ова континуирано училиштето учествува во следење на професионалниот напредок на настаниците и нивната мотивација . |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска*<br>*Член на училишен тим: Елена Паскалова*<br>*Член на училишен тим: Христина Кеовска* |
| • Програма за ученици со посебни потреби;<br>• Програма за талентирани ученици;<br>• Медицинска документација на ученици;<br>• ИОП;<br>• Анкети со наставници. | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Учениците со тешкотии во најголем дел се идентификуваат при упис во прво одделение од страна на педагошко-психолошката служба или врз основа на доставена медицинска документација, како и во текот на школувањето.Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето ја вршат наставниците, а дидактички упатства и насоки за работа со нив добиваат од стручната служба.<br>Во текот на школувањето одделенскиот раководител, предметните наставници и тимот за инклузија ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и посебни образовни потреби. Идентификација се врши со опсервација од инклузивниот тим и наставниците, следење на напредокот и разговори сородители.<br>Идентификацијата на надарените ученици оди отежнато поради тоа што училиштето не располага со психодијагностички инструменти за целосно потврдување на откриената надареност на учениците.<br>Учениците со ПОП инклузирани во редовна настава имаат поддршка одтимот за инклузија во училиштето, дефектологот, логопедот и |

| | | |
|---|---|---|
| | | Центарот за поддршка на учење на ученици со ПОП од учебната 2023/2024 година, какои стручни соработници во училиштето. Сите наставници се обучени заизработка на ИОП и изработка на модифицирана програма. Училиштето располага со уреди од асистивна технологија и истата се користи во Центарот за поддршка на учење на ученици со ПОП и кај учениците од посебни паралелки кои се во состав на училиштето. Но инклузијата е процес кој трае и за кој е потребна континуирана едукацијана наставниот кадар и за употреба на уредите од асистивна технологија.<br>Училиштето соработува со основното училиште со ресурсен центар „Иднина “ - Скопје кое обезбедува образовни асистенти за поддршка на учениците со попреченост.<br>За учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал задолжително се изведува дополнителна настава. Додека учениците кои посебно се истакнуваат се упатуваат на додатна наставаи се подготвуваат за учество на натпревари. Во текот на целата учебна година училиштето организира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето и додатна наства за учениците кои покажуваат значителни резултати во одредени области.Наставниците по секој наставен предмет планираат, реализираат и евидентираат дополнителна и додатна настава во е - дневник. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Резултати од анкета со наставници:<br><br>Во анкетата се опфатени 81 испитаници од 97 наставници без стручната служба.<br><br>Тврдење 1: Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето;<br><br>Поголем број од наставницитекои го одговориле прашалникот-целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/немам информација за ова тврдење.<br><br>Тврдење 2: Успевам да ги идентификувам надарените ученици<br><br>Поголем број од наставницитекои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење.<br><br>*Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска*<br><br>*Член на училишен тим: Анета Давидовска*<br><br>*Член на училишен тим: Анкица Каранфилова* |

| | | |
|---|---|---|
| • Покани за индивидуални разговори со родители/старатели;<br>• Програми за родителски состаноци;<br>• Покани за родителски состаноци;<br>• Список за присутност на родителски состаноци;<br>• Записници од одржани родителски состаноци;<br>• Педагошка евиденција и документација;<br>• Ученичко портфолио;<br>• Наставничко портфолио;<br>• Анкети со наставници; | Известување на родителите/ старателите за постигањата на учениците | Известувањето на родителите/старателите, во учебните 2022/2023 и 2023/2024 учебна година, за постигањата на учениците во училиштето и во воннаставните активности во ООУ„Браќа Миладиновци" Куманово, се врши на различни начини, методи и форми. Најчести известувања за постигањата родителите/старателите добиваат преку задолжителни родителски состаноци кои се одржуваат редовно после секој класификационен период. Во текот на годината се одржуваат 5 задолжителни состаноци за успехот и напредокот на учениците и 1 состанок на почетокот на учебната година, каде родителите/старателите се информираат за наставната програма, наставниот кадар како и за критериумите за оценување и вреднување на постигањата на учениците, изготевени согласно напатствијата и програмите од БРО. Сите овие родителски состаноци се одржуваат согласно однапред изготвена програма за родителски состаноци од страна на одделенските раководители. За секој сосатнок се изготвува записник во е-дневникот, како и во пишана форма. Известувањето на родителите/старателите е евидентирано на посебни списоци за присутност на состанокот, кои ги изготвуваат одделенските наставници.<br><br>Известувањето се врши и преку Совет на родители и со табеларни прикази на постигањата на учениците од страна на педагошко-психолошка служба. Според потребите за согледувања на постигањата на учениците се одржуваат и посебни (додатни) родителски состаноци |

| | | |
|---|---|---|
| • Анкети со ученици;<br>• Анкети со родители. | | спрема потребите на паралелката и истите се евидентират во е-дневник и во пишана форма.<br><br>Известувањата се вршат и индивидуално со покана на родителот/старателот во училиштето, каде подетално се разговара и согледува постигањето на поедини ученици и во забелешка во е-дневникот и пишана форма се воведува датумот на остварената средба со родителот/старателот.<br><br>Известувањето се врши и преку поединечни разговори со родителот и наставникот од било кој предмет согласно однапред направен распоред на почетокот на учебната година, за разговор со родители, кој е поставен на видно место во ходникот на училиштето и е достапен на сите ученици, родители, наставници.<br><br>Известувањето може да биде и со телефонски разговори, „on line“ состаноци, ФБ групи на социјалните мрежи, на ФБ страната на училиштето, пишани пораки, e-mail адреси, e-mail адреси од е-дненвикот.<br><br>Постигањата родителот може редовно да ги следи во е-дневникот, преку секојдневно внесување на оценки, усно и писмено оценување, евидентни листови. Постигањата се следат и преку различни методи на сумативно и формативно оценување, наставни ливчиња, контролни тестови, тестови, писмени, истражувачки активности и сл. Секој ученик |

| | | |
|---|---|---|
| | | го покажува своето оценување и својата изработка дома и родителот е должен со потпис да го потврди информирањето за постигањата на учениците, каде наставникот добива повратна информација. Сите тие докази се собираат во ученичко портфолио кое стои кај наставникот и може да биде достапно на увид во секој момент за целокупниот напредок на ученикот на сите релевантни фактори во училиштето и на родителите/старателите.<br><br>Известувањата се вршат често со формативни методи во фази на подучување, со секојдневно пратење на ученикот и внесување на оценките во тетратки кај наставниците, разни чек листи и други наставни материјали за оценување и самооценување.<br><br>Известувањата се вршат и преку обрасците за додатна и дополнителна настава каде подетално се впишани активностите и напредокот на поедини ученици кои посетуваат ваков вид на настава.<br><br>Резултати од анкета со ученици:<br><br>Во анкетата се опфатени 292 испистаници од IV одд. до IX одд. од вкупно 804 ученика ( од четврто одд. 67 ученика, од петто одд. 54 ученика, од шесто одд. 53 ученика, од седмо одд. 25 ученика, од VIII одд. 40 ученика и од IX одд. 53 ученика ).<br><br>Тврдење 1: Моите родители старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поголем број од учениците кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење.<br><br>Резултати од анкета со родители:<br><br>Во анкетата се опфатени 459 родители/старатели на вкупно 1246 ученици од прво до деветто одделение.<br><br>Тврдење 1: Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете;<br><br>Незначителен број од родителите кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење.<br><br>Резултати од анкета со наставници:<br><br>Во анкетата се опфатени 81 испитаници од 97 наставници без стручната служба**.**<br><br>Тврдење 3: Голем број на родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет; |

| | | |
|---|---|---|
| | | Мал број од наставниците кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење.<br><br>Тврдење 4: На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето;<br><br>Поголем број од наставниците кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење.<br><br>*Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска*<br><br>*Член на училишен тим: Валентина Митевска*<br><br>*Член на училишен тим: Анита Милановска* |
| ***Индикатор 2.2Мерки за подобрување на постигањата*** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Табеларни прегледи по класификациони | Редовност во наставата | Редовноста во наставата се следи во текот на целата учебна година. Одделенските раководители ги ажурираат изостаноците во |

| | | |
|---|---|---|
| периоди;<br>• Е-дневник;<br>• Полугодишни и годишни извештаи и анализи;<br>• Записници од Наставнички совет;<br>• Записници од полагање на одделенски испит;<br>• Анкети со родители. | | електронскиот дневник на крајот на секоја седмица.<br>За учениците кои нередовно ја посетуваат наставата се врши советување на родителите и учениците и се изрекуваат педагошки мерки. Учениците кои изостануваат 30% од наставата (се однесува на повратници од странство и ученици кои од здравствени причини изостануваат од настава), се упатуваат на полагање на одделенски испит. Во учебната 2022/2023 година пет ученика полагаа одделенски испит, додека во учебната 2023/2024 година 8 ученика полагаа одделенски испит и истите го завршија одделението.<br>Во учебната 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 22080 или 18,25 изостаноци по ученик. Вкупниот број на неоправдани изостаноци изнесува 858, или просечно по ученик 7,04 изостаноци. По генерации од прво до деветто одделение просечнит број на изостаноци изнесува 39,48; 11,69; 5,41; 12,86; 25,24; 13,03; 12,29; 12,02; 34,24. Најголем број на изостаноци направиле учениците од прво, деветто и петто одделение, а најмал број учениците од трето одделение.<br>Во учебната 2023/2024 година вкупниот број на изостаноци изнесува 31422 или 26,10 изостаноци по ученик. Вкупниот број на неоправдани изостаноци изнесува 1120, или просечно по ученик 0,93 изостаноци. По генерации од прво до деветто одделение просечен број на изостаноци изнесува 27,50; 30,16; 17,33; 23,76; 27,09; 26,93; 26,78; 25,94; 28,67. Најголем број на изостаноци направиле учениците од второ и деветто |

| | | |
|---|---|---|
| | | одделение, а најмалку од трето одделение.<br>Резултати од анкета со родители:<br>Во анкетата се опфатени 459 родители/старатели на вкупно 1246 ученици од прво до деветто одделение.<br>Тврдење 3: Континуирано сум информиран /а за редовноста на моето дете<br>Поголем број од родителите кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење.<br>*Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска*<br>*Член на училишен тим: Соња Поповиќ*<br>*Член на училишен тим: Зоран Јосимовски* |
| • Покани за советување на родители/старатели;<br>• Програма за советување на ученици и родители; | Советување на родители/старатели и ученици | Советувањето на родителите се врши според Законот за основно образование и предходно изготвен план за советување изготвен од страна на психологот на училиштето, согласно Програмата за советување на ученици и родители. Родителите се повикуваат со архивирани и нумерирани покани. Советувањата на учениците се реализираат индивидуално и групно и се води записник и евиденција за |

| | | |
|---|---|---|
| • Записници од одржани советувања со родителите /старателите;<br>• Известувања до<br>• Центарот за социјални грижи и надлежен орган;<br>• Записници од советувања на ученици;<br>• Известувања на училиштето до надлежните органи (МОН и Државен просветен инспекторат - ДПИ);<br>• Анкети со родители. | | присуство на истите. Училиштето реализира советување на родители/старатели по основ нередовно посетување на настава, намалување на успех и кога ученикот манифестира несоодветно (недолично) однесување, за истото се води уредна документација по класификациони периоди.<br><br>Во учебната 2022/2023 година направени се 11 советувања на родители по основ на нередовност и 16 по основ на намален успех. Додека во учебната 2023/2024 година 12 советувања на родители по основ на нередовност и 11 по основ на намален успех. Учениците кои отсуствуваат подолг временски период, односно 30% од наставата остануваат неоценети за тој временски период и се упатуваат на одделенски испит на крајот на учебната година.<br><br>Во учебната 2022/2023 година 5 ученика беа упатени на одделенски испит, 3 од одделенска настава и 2 ученика од предметна настава и го завршуваат одделението. Еден ученик од второ одделение е задржан во истото одделение со предходно барање од родител, мислење од одделенски наставник и одлука од Наставнички совет.<br><br>Во учебната 2023/2024 година 8 ученика беа упатени на одделенски испит, 7 од одделенска настава и 1 ученик од предметна настава и го завршуваат одделението. Еден ученик од прво одделение е задржан во исто одделение поради нередовност и несовладување на наставниот |

| | | |
|---|---|---|
| | | план и програм.<br><br>Училиштето реализира индивидуално советување за несоодветно (недолично) однесување на учениците. Во учебната 2022/2023 година изречени се вкупно 86 педагошки мерки, од кои 69 усни опомени, 13 писмени опомени, 1 укор, 2 ученика се преместени во друга паралелка и 1 ученик со намалено поведение. Во 2023/2024 година изречени се вкупно 65 педагошки мерки од кои 53 усни опомени, 10 писмени опомени и 2 укора.<br><br>За извршените советувања со родители/старатели и ученици редовно се известуваат надлежните институции, преку пополнување и испраќање на соодветен формулар.<br><br>Резултати од анкета со родители**:**<br><br>Во анкетата се опфатени 459 родители/старатели на вкупно 1246 ученици од прво до деветто одделение.<br><br>Тврдење 2: Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете<br><br>Незначителен број од родителите кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, поголем број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска*<br><br>*Член на училишен тим: Оливера М. Ѓорѓиевска*<br><br>*Член на училишен тим: Соња Поповиќ* |
| • Педагошка евиденција и документација;<br><br>• Обрасци за дополнителна и додатна настава;<br><br>• Распоред за дополнителна настава;<br><br>• Програми за дополнителна настава;<br><br>• Табеларни прегледи на полугодие и на крајот на учебната година;<br><br>• Известувања и согласности од родители; | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Во текот на учебната година наставниците изнаоѓаат начини преку користење на различни методи, форми и техники за работа со учениците за подобрување на постигањата на учениците. Редовно се вршат анализи за постигањата на учениците по класификациони периоди по сите наставни предмети. Добиените извештаи даваат насоки за понатамошната работа со учениците на часовите од редовна и дополнителна настава.<br><br>Во учебната 2022/2023 година и 2023/2024 година во училиштето се реализираат часови од дополнителна настава. Уште во месец септември секој наставник прави идентификација на ученици за кои им е потребна дополнителна настава. На идентификуваните ученици, родителите добиваат известување и даваат согласност со потпис. Наставниците изготвуваат годишен план за реализација на дополнителна настава, а училиштето на месечно ниво изготвува распоред за дополнителна настава за учениците од седмо, осмо и деветто одделение и го истакнува на огласна табла во училиштето. Останатите одделенија кои следат настава по новата Концепција за |

| | | |
|---|---|---|
| • Анкети со ученици;<br>• Анкети со родители. | | основно образование, дополнителна настава изведуваат во рамките на петчасовен престој во училиштето.<br>Наставниците индивидуално ги информираат родителите за присуството и напредокот на нивното дете. Наставниците водат евиденција и користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.<br>Часовите од дополнителната настава се реализираат отежнато поради тоа што две Општински основни училишта реализираат настава во ист објект во две различни смени.<br>Резултати од анкета со ученици:<br>Во анкетата се опфатени 292 испистаници од IV одд. до IX одд. од вкупно 804 ученика ( од IV одд. 67 ученика, од V одд. 54 ученика, од VI одд. 53 ученика, од VII одд. 25 ученика, од VIII одд. 40 ученика и од IX одд. 53 ученика).<br>Тврдење 2: Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех<br>Мал број од учениците кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Тврдење 3: Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање наставниците ми организираат дополнителна настава<br><br>Мал број од учениците кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење.<br><br>Тврдење 4: Доколку не можам да го совладам материјалот наставниците се обидуваат да ми разјаснат на различни начини<br><br>Мал број од учениците кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење.<br><br>Тврдење 5: Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат дополнителни часови<br><br>Мал број од учениците кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Резултати од анкета со родители:<br><br>Во анкетата се опфатени 459 родители/старатели на вкупно 1246 ученици од прво до деветто одделение<br><br>Тврдење 4: На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба<br><br>Мал број од родителите кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат, мал број се согласуваат, незначителен број не се согласуваат, незначителен број целосно не се согласуваат и незначителен број одговориле дека не знам/ немам информација за ова тврдење.<br><br>*Член на училишна комисија: Дафина Јосимовска*<br><br>*Член на училишен тим: Анита Милановска*<br><br>*Член на училишен тим: Светлана Насковска* |

## *Подрачје 2: Постигања на учениците*

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети, по класификациони периоди и по учебни години. Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Советот на одделенските наставници и Наставничкиот совет.Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставните активности и уредно се води евиденција. На Наставничкиот совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија и се предлагаат активности за подобрување на истиот.

Училиштето редовно учествува во спроведување на екстерни тестирања на државно ниво, по одделни наставни предмети и континуирано го следи напредокот, усвоеноста на стандардите,по одделни наставни предмети, во различни временски периоди и истите ги споредува.

Преку следење на напредокот на учениците, набљудување и проценка од страна на наставниците и стручнатата служба, преку разговори со одделенските раководители и родителите се идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост и истите добиваат соодветна поддршка од училиштето. Идентификацијата на надарените ученици оди отежнато поради тоа што училиштето не располага со психодијагностички инструменти за целосно потврдување на откриената надареност на учениците.

Известување на родителите за постигања на учениците, училиштето редовно го врши преку: родителски состаноци на крајот на секој класификационен период, индивидуални средби со родителите, Совет на родители, приемни денови на наставници, евидентни листови, е-дневник, свидетелства и додаток на свидетелства.

Во училиштето редовноста на учениците се следи во текот на целата учебна година. Редовноста одделенските раководители ја ажурираат во електронски дневник. Истата се анализира по класификациони периоди. Родителите чии деца имаат голем број на изостаноци се упатуваат на советување. Учениците кои изостануваат од настава 30% се упатуваат на полагање на одделенски испит. Отсуството е поради болест и повратници од странство.

Семејството и училиштето се две клучни средини во кои се одвива животот на децата и младите. Вклученоста на родителите во училишниот живот има позитивно влијание врз целокупниот развој, успехот и однесувањето на ученикот.Со советувањетосе развива свеста за потребата од унапредување на родителските вештини, кои позитивно влијаат на квалитетот на животот на ученикот и неговите постигања.

Во училиштето наставниците изнаоѓаат начини преку користење на различни методи, форми и техники за работа со учениците за подобрување на постигањата на учениците. Редовно се вршат анализи за постигањата на учениците по класификациони периоди по сите наставни предмети. Добиените извештаи даваат насоки за понатамошна работа со учениците на часовите од редовна и дополнителна настава.

**Силни страни**

- Центарот за поддршка кој работи во состав на училиштето дава индивидуални третмани на сите ученици со ПОП во училиштето и во Североисточниот регион;

**Слаби страни**

- Недоволна едукација на наставниците за работа со уреди од асистивна технологија.

**Приоритети**

- Едукација на наставниците за работа со уреди од асистивна технологија.

## *Подрачје3:Училишна клима и односивоучилиштето*

| Индикаториза подрачјето: |
|---|
| **3.1** Училишна клима<br>**3.2** Еднаквост и правичност<br>**3.3** Партнерски однос со заедницата<br>**3.4** Севкупна грижа за учениците |

## *Подрачје3:Училишна клима и односи во училиштето*

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| ***Индикатор 3.1 Училишна клима*** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Извештаи од реализирани акции;<br>• Фотографии;<br>• Куќен ред на училиштето;<br>• Еко програма;<br>• Конкурси за ученици и наставници;<br>• Сертификати, пофалници | Углед/имиџ на училиштето | ООУ„Браќа Миладиновци”, претставува пријатна, мотивирачка и позитивна средина за работа како за вработените така и за учениците. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот имиџ и даваат свој придонес за угледот на училиштето како во редовна настава така и при воннаставните активности.Училиштето е препознатливо во општината и пошироко како резултат на квалификуваниот наставен кадар, високо квалитетна работа и постигањата на учениците во различни области, како и по успешното и препознатливо остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Нашите ученици редовно учествуваат на голем број општински, регионални и државни натпревари на кои освојуваат бројни и високи резултати и награди. Земаат учество и на сите манифестации и наградни конкурси, на кои за своите изработки исто така добиваат сертификати, пофалници и награди.Нашите наставници и ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | | учествуваат на меѓународни проекти Еразмус+. Во училиштето се реализираат голем број на училишни проекти, проекти финансирани од МОН и други организации.<br><br>Во спроведување и организирање на еко акции паралелно учествуваат учениците и наставниците со цел унапредување на училишната средина. Училишните простории, холови, училишниот двор и влезот на училиштето во рамките на можностите ги чистат, оплеменуваат со цвеќиња и зимзелени садници и ги одржуваат и негуваат. Холот и ходниците во сите објекти се уредени со ученички изработки, дипломи и пехари.<br><br>Училиштето спроведува и вонннаставни активности од областа планинарење, со заедничко учество на учениците, родителите и наставниците, во соработка со ЗПЗП Козјак 2013.<br><br>Редовно се врши ослободување од непотребни предмети во зградата–скршениклупи, саксии, табли, постери, хартија и организирање на акции за собирање на хартија и пластични шишиња, истакнување на упатства за одржување на зграда и здрава средина во училиштето во сите простории.<br><br>Медиумите редовно се известуваат за настаните во училиштето како и учеството на сите настани организирани од страна на општината и државата. Истите се промовираат и на фан-страната и веб страната |

| | | |
|---|---|---|
| | | на училиштето.<br><br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br>*Член на училишен тим: Ана Спировска Петровска*<br>*Член на училишен тим: Ивана Цветковски* |
| • Куќен ред на училиштето;<br>• Кодекс на однесување на учениците;<br>• Кодекс на однесување на вработените;<br>• Процедури во случај на прекршување на<br>• принципите и правилата;<br>• Закон за основно | Кодекс на однесување | Училиштето има изработено кодекси за однесување кои се однесуваат на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници и технички персонал) и родители. Вработените во училиштето мораат стриктно и децидно да ги почитуваат сите пропишани правила од истиот. Според спроведените анкети најголем дел од наставниците се изјаснуваат дека имаат учествувано во изработка/ажурирање на кодексот за однесување во училиштето и дека училиштето соодветно постапува доколку се прекрши истиот. Куќниот ред на училиштетое видно истакнат во сите училници. Учениците се информирани дека сите без исклучок треба да се придржуваат кон пропишаните правила од истиот. На спроведена анкета од страна на училиштето, најголем дел од учениците се изјасниле дека се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата и дека истите се применуваат подеднакво за сите ученици. Запознаени се и дека, доколку некој не се придржува на истите следат соодветни процедури кои се |

| | | |
|---|---|---|
| образование;<br>• Годишна програма на училиштето; | | применуваат во случај на прекршување на принципите и правилата, пропишани со правилник.<br>На ученикот кој не се придржува кон правилата на однесување и не ги почитува предвидените обврски, му се изречени педагошки мерки како што се:<br>-Усна опомена;<br>-Писмена опомена;<br>-Укор;<br>-Преместување во друга паралелка;<br>-Намалување на поведение;<br>Училиштето и стручната служба водат писмена евиденција за тековните случувања. За надминување на критичните точки сите субјекти соработуваат заеднички и организираат:<br>-Разговори;<br>-Состаноци;<br>-Работилници;<br>-Дебати;<br>Спроведена е анкета во училиштето по случаен избор на: |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 292 ученика од вкупно 804 ученика од IV до IX одд.,<br>- 81 наставника од вкупно 97 и 459 родители/ старатели од вкупно 1246 родители<br>- на ученици од од I до IX одд..<br>Сите последователни тврдења се од истата анкета.<br>На тврдењето „Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето“, најголем дел од анкетираните родители се изјасниле дека се запознаени со кодексот на однесување, а само незначителен број немаат информација.<br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br>*Член на училишен тим: Ана Спировска Петровска*<br>*Член на училишен тим: Ивана Цветковски* |
| • Состаноци:(одделен ски совет, Наставнички совет, Стручни активи);<br>• Работилници;<br>• Дебати;<br>• Педагошка | Училишна клима | Училишната клима, претставува создаден амбиент во кој се реализира наставниот процес, кој покрај материјално-техничките предуслови ги опфаќа имеѓусебните односи насите директниииндиректни учесници во реализација на овој процес.<br>Во училиштето постои професионалн асоработка меѓу вработените и поттикнувачка и мотивирачка атмосфера.Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачката атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното |

| | | |
|---|---|---|
| евиденција и документација;<br>• Записници на стручните служби;<br>• Екскурзии<br><br>• Извештај од анкета | | однесување со учениците, другите работени, родителите и посетителите научилиштето. Врaботените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и оддругите ученици во училиштето.<br>Нашето училиште ги има сите карактеристики на здрава клима како што се:<br>• Воспоставена уредна и пријатна средина за работа;<br>• Воспоставен систем на вредности и систем на наградување;<br>• Воспоставена атмосфера на ред и дисциплина;<br>• Воспоставена добра соработка со родителите;<br>• Воспоставен систем на развивање на позитивни ставови кај персоналот;<br>• Воспоставен систем за донесување и спроведување на одлуки;<br>• Воспоставен систем на отворени и чести комуникации;<br>Родителите активно се поттикнуваат и учествуваат во активностите на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Според спроведените анкети, најголем дел од учениците се изјасниле дека во училиштето се чувствуваат прифатено од страна на останатите ученици, наставниците и сакаат да одат на училиште. Помал дел не се сложуваат со овие тврдења или пак се изјасниле дека немаа информација.<br>На тврдењето „Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците”, најголем дел од родителите се изјасниле дека се согласуваат, а само незначителен број од испитаните родители не се согласуваат или пак немаат информација.<br>По однос на тврдењето „Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата.”, најголем број од наставниците се согласуваат, а само незначителен број не.<br>Најголемиот дел од наставниците се согласуваат дека постои меѓусебна соработка и се сложуваат со своите колеги во училиштето но еден мал дел сепак не се согласуваат со ова тврдење.<br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br>*Член на училишен тим: Ана Спировска Петровска*<br>*Член на училишен тим: Ивана Цветковски* |
| • Кодексот на однесување; | Поведение и | Најголем број од учениците се со примерно поведение, што значи дека дисциплината на учениците е задоволителна. Постои работна |

| | | |
|---|---|---|
| • Разговор со наставници,родители ученици;<br>• Индивидуални средби со родители;<br>• Педагошката евиденција за изречени Педагошки мерки;<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Распоред на дежурства за наставниците и технички персонал | дисциплина во училиштето | атмосфераи дисциплина за време на наставата, одморите и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците, завреме на приемот на учениците, часовите, одморите и до заминување од чилиштето.<br>Во училиштето постојат дежурства од страна на наставниците и техничкиот персонал.<br>Во училиштето нема случаи на закани, говор на омраза, провокации, навреди, има појава на многу мал број на конфликти со кои училиштето успешно се справува.<br>Секое нарушување на дисциплината се регистрира и пријавува кај одделенскиот раководител, а потоа доколку е потребно и кај стручната служба.<br>Интерниот акт за изрекување педагошки мерки целосно се почитува и спроведува при нарушување на дисциплината.<br>На тврдењето „Училиштето добро се справува со дисциплината”, поголем број од родителите се изјасниле дека се согласуваат, а незначителен број не.<br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br>*Член на училишен тим: Ана Спировска Петровска*<br>*Член на училишен тим: Ивана Цветковски* |

| | | |
|---|---|---|
| • Програма за работа на училишен парламент;<br>• Записници од состаноци на училишен парламент;<br>• Извештај за работата училишен парламент;<br>• Извештај за согледувања за безбедност; | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и потполно демократска процедура која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосредениинтерес за учениците. Ученичката заедница учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосредениинтерес на учениците. Заедницата од ученици е составена од по двајца членови од одделенската заедница на сите паралелки. Раководството на заедницата се избира по пат на демократски избори и гласање. На средбите од заедницата учениците се информираат за поважните и поактуелните работи кои ги интересираат.Заедницата работи според сопствена програма за работа. Се формира на крајот од месец септември или почетокот на октомври.<br><br>Во училиштето има Ученички парламент и ученички правобранител, кои се фомирани и избрани согласно Статутот на Училиштето. Парламентот го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.Претседател и заменик претседател на ученички парламент се избрани со тајно гласање од вкупниот број од претставници на претседателите на заедниците на паралелките. Парламентот работи според програма за работа.<br><br>Во период од 2022-2024 година се спроведени следни нивни |

| | | |
|---|---|---|
| | | активности: посети на Собрание за ученици од VI до IX одделение, анкета за ефикасност на on-line настава, активност и анкети од програма за Антикорупција, дискусија за контраверзни теми во училница, дискусија за највилјателните жени во светот низ историјата и изработка на презентација во Power Point, дебати за подобрување на успехот на учениците и што ги мотивира учениците да учат, истражување на тема: Конвенција за правата на децата, работилница за правата на децата, изработка на пароли, флаери и презентации, пополнување на Анкетен прашалник, Врсничко насилство како и донесување на процедура за постапување во такви ситуациии и други активности.<br><br>Училиштето има и ученички правобранител и заменик правобранител кои се избрани со тајно гласање од учениците од VI до IX одделение. Правобранителот и неговиот заменик се членови на Училишниот одбор на училиштето. Исто така свој придонес во решавање на проблеми има и училишниот тим за безбедност кој на крај на секој месец во стручната служба поднесува согледувања за изминатиот месец во однос на безбедноста во секоја паралелка.<br><br>Најголемиот дел од наставниците се согласуваат со тврдењето „Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес“, а само еден наставник не се согласува. |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br><br>*Член на училишен тим: Ана Спировска Петровска*<br><br>*Член на училишен тим: Ивана Цветковски* |
| ***Индикатор3.2Еднаквост и правичност*** | | |
| **Извори на податоци** | **Извори на податоци** | **Извори на податоци** |
| • Тематски, процесни и дневни подготовки за животни вештини, граѓанско образование и вонnаставни активности<br><br>• Програми за Животни Вештини<br><br>• Програма за Граѓанско | Познавање и почитување направата на децата | Училиштето „Браќа Миладиновци“ покрај тоа што поседува квафалификуван наставен кадар има и пријатната, позитивна и мотивирачка средина за работа, како заучениците така и за вработените. Во училиштето владее пријатна клима која во најголем дел е резултат на почитување на правата, принципите, кодексите на однесување кои се наведени во училишните правилници, но и исполнување на обврските од страна на вработените, учениците и родителите.<br><br>Сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Во правилниците на училиштето се опфатени основните начела за почитување на правата на децата, недискриминација, забрана за психичко и физичко малтретирање и сл. |

| | | |
|---|---|---|
| Образование<br><br>• Педагошката евиденција<br>и документацијата во однос на вклученоста на учениците во воннаставни активности<br><br>• Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права<br><br>• Извештаи од реализирани акции; | | Учениците со детските права се запознаваат уште од најмала возраст првин преку свечен прием на првачиња во Детска организација, потоа преку дел од наставните содржини на часот на одделенската заедница од програмата на животни вештини, на часовите по граѓанско образование како и на бројните воннаставните активности.<br><br>Училиштето е инклузивно и сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и социјалниот статус) ги упатуваа да се грижат едниза други и за училиштето, преку работилници од ОЖВ, индивидуални и групни разговори со стручна служба и преку голем број на воннаствни активности.<br><br>Секоја година со одбележување на Светски ден на детето и Меѓународен ден на лица со попреченост, училиштето организира активности преку кои ги поттикнува учениците да ги прифатат и почитуваат своите права и правата на различните од себе.<br><br>Училиштето организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата, организира разни активности и базари во кои активно ги вклучува сите деца без разлика на нивните можности и способности.<br><br>Дел од наставниците учествуваат во реализација на разни проекти, работилници, трибини кои се однесуваат на почитување и заштита на правата на детето и потоа искуствата од истите ги имплементираат |

| | | |
|---|---|---|
| • Интервјуа/анкети со ученици, наставници, родители и со стручни соработници,<br><br>• Програма за работа на училишен парламент;<br><br>• Записници од состаноци на училишен парламент;<br><br>• Програма и правилник за работа на ученички парламент | | во секојдневната работа.<br><br>Училиштето има демократско формирани **ученички заедници** во паралелки од третто до деветто одделение. Ученичката заедница учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес на учениците.<br><br>Училиштето има формирано и **ученички парламент**. Парламентот го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Претседател и заменик претседател на ученички парламент се избрани со тајно гласање од вкупниот број од претставници на претседателите на заедниците напаралелките. Парламентот работи според програма за работа. Училиштето има и **ученички правобранител** и заменик правобранител кои се избрани со тајно гласање од учениците од VII до IX одделение.<br><br>Правобранителот и неговиот заменик се членови на Училишниот одбор на училиштето. Во учебната 2022/2023 година за првпат нашиот училишен парламент зеде учество на детскиот парламент што го организира Собранието на Република Северна Македонија и Музејот на македонската борба за државност и самостојност. Исто така парламентот од нашето училиште зеде активност во сите хуманитарни и еко акции.<br><br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Член на училишен тим: Емилија Николовска*<br>*Член на училишен тим: Марија Насковска*<br>*Член на училишен тим: Марија Клековска* |
| • Структурата на паралелките, табелари,годишна програма за работа и извештај од годишна програма за работа на училиште за учебна 2022/2023 година<br><br>• Структурата на паралелките, табелари,годишна програма за работа и извештај од годишна програма за работа на | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Во учебната 2022/2023 година во училиштето има вкупно запишано 1264 ученика со вкупно 65 паралелки со хетероген состав. Од нив машки 665, а женски 599. Македонци 1103, Срби 78, Роми 65 и 18 други. Од нив Македонци се 587 машки и 516 женски, Срби 34 машки и 44 женски, Роми 38 машки и 27 женски и ученици од друга националност 6 машки и 12 женски.<br>Во учебната 2023/2024 година во училиштето има вкупно запишано 1232 ученика со вкупно 65 паралелки со хетероген состав. Од нив машки 637, а женски 595. Македонци 1047, Срби 76 машки, 49 женски и други 15.<br>Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите надвор од часовите.<br>Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури |

| | | |
|---|---|---|
| училиште за учебна 2023/2024 година<br><br>• Кодекс на ученици, наставници и родители<br><br>• Тематски-процесни и дневни подготовки на наставницизa животни вештини, граѓанско образование и воннаставни активности<br><br>• Педагошката евиденција и документацијата во однос на вклученоста на учениците во воннаставни | | што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).<br><br>Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br><br>Ученик на генерација се избира од пријавени ученици според Критериум и процедура за избор на ученик на генерација .<br><br>Спроведена е анкета во училиштето по случаен избор на:<br>- 292 ученика од вкупно 804 ученика од IV до IX одд.,<br>- 81 наставника од вкупно 97 и 459 родители/ старатели од вкупно 1246 родители на ученици од од I до IX одд..<br><br>Сите последователни тврдења се од истата анкета.<br><br>На тврдењето „Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици“ - најголем дел од учениците се согласуваат дека се чувствуваат прифатено од другите ученици, додека многу мал дел од учениците не се согласуваат со оваа тврдење.<br><br>Поголем дел од родителите се согласуваат со тврдењето „Сум бил вклучен во активности за запознавање со правата на децата, организирани од учиииштето, а мал дел не се согласуваат и еден незначителен број родители немаат информација за тврдењето. |

| | | |
|---|---|---|
| активности<br>• Годишен извештај за работа на училиштето<br><br>• Усни одговори од учениците добиени на одделенски часови<br>• Критериум и процедура за избор на ученик на генерација<br>• Извештај од интервјуа/ анкети со ученици, наставници, родители и со стручни соработници | | На тврдењето „Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права“ - најголем број од учениците знаат каде да се обратат и како да постапат ако забележат прекршување на нивните права, незначителен број не се согласуваат, а само 7 ученика немаат информации.<br>Најголем број од наставниците се согласуваат со тврдењето „Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата“ -незначителен број не се согласуваат, а само 6 наставника немаат информација.<br>По однос на ова тврдење „На учениците им укажувам за различните механизми на заштита на нивните права кои постојат во училиштето“ - мал дел од наставниците не се согласуваат, додека поголемиот дел сметаат дека на учениците им се укажува од нивна страна за правата на децата и нивната заштита.<br><br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br>*Член на училишен тим: Емилија Николовска*<br>*Член на училишен тим: Марија Насковска*<br>*Член на училишен тим: Марија Клековска* |

| ***Индикатор3.3Партнерски однос со заедницата*** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Извештај за работата на училиштето (полугодишен, годишен).<br><br>• Записници од советот на родителии родителски средба | Соработка на училиштето со родителите / старателите | Во нашето училиште се препознава дека од особена голема важност е нивото на кое се остварува комуникацијата помеѓу родителите на учениците и самото училиште на сите нивоа. Од таа причина се посветува големо внимание на тоа активната комуникација со родителите да се одвива непречено преку организирање на редовни, но по потреба и вонредни родителски средби кои пак од своја страна според природата на проблемот можат да бидат индивидуални и заеднички, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање и распоред за консултации сонаставници. Советот на родители е препознаен како еднаков партнер во донесувањето на одлуките кои имаат влијание во подигањето на квалитетот во спроведувањето на воспитно - образовниот процес и функционира без никакви пречки. Навремено се споделуваат секој вид на информации со родителите на учениците. Се организираат голем број на работилници како и проекти.<br><br>За подобрување на воспитно - образовниот процес во училиштето се прифаќаат и реализираат идеи на родители.Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници на родителите во Училишен одбор врз снова на Статут за работа на Совет на |

| | | |
|---|---|---|
| | | родители. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи идостапни на сите родители (родителски средби, усни искажувања, анализи, евидентни листови итн.). Соработката со родителите се одвива преку одржани родителски состаноци, состаноци на Совет народители, индивидуални родителски средби и поканување на манифестации во училиштето. Училиштето води сметка да излезе во пресрет на барањата на родителите и на тој начин покажува дека секогаш се доредојдени во училиштето на средби со наставниците, стручните соработници и Директорот. Родителите континуираносе поттикнуваат активно да севклучат во наставниот процес, а пропишани се и задолжителни советувања. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачката атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со родителите и посетителите на училиштето.<br><br>*Член на училишна комисија:Емилија Криловска*<br>*Член на училишен тим: Наталија Крстевска*<br>*Член на училишен тим: Весна Лазаревска*<br>*Член на училишен тим: Сузана Анастасовска* |

| | | |
|---|---|---|
| • Интервјуа со Директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници.<br><br>• Интернет страница на училиштето<br><br>• Извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето има континуирана соработка со релевантните институции од областа на воспитно – образовната дејност преку посетување на семинари, обуки и проекти организирани од МОН и БРО. Соработката со ДПИ се остварува преку редовните контроли од страна на просветните инспектори за воспитно - образовната работа во училиштето и педагошка евиденција и документација. Соработката на училиштето со Градоначалникот и Советот на општината се остварува преку членовите на Училишниот одбор кои се избрани од Советот на општината, и преку Секторот за образование во општината. Соработката со локалната самоуправа се остварува преку реализирање на проекти кои се значајни за подобрување на условите за работа на училиштето. Комуникацијата на училиштето со јавните установи се остварува преку проекти кои се значајни за подобрување за условите за работа на училиштето. Училиштето соработува со јавни установи во област од здравствена и хуманитарна дејност и детските градинки во општината. Има комуникација со други образовни институции во РСМ и странство.<br><br>Училиштето има своја веб страница.<br><br>**Во текот на годината учествуваат на одбележување на:**<br><br>• Месецот на книгата во Градска библиотека;<br>• Манифестации за одбележување на 11 Ноември-Ден на |

| | | |
|---|---|---|
| со претставници на локалната заедница. | | ослободување на Куманово;<br>• Ликовни колонии;<br>• Учество на сите активности и манифестации организирани од локалната средина;<br>• Во соработка со НВО „Мајка“ и Општина Куманово беше организирана ликовна колонија на тема „Детска ликовна колонија Пчиња 2023“ на која зедоа учество ученици од VI-IX одделение од пет основни училишта од општината. Настанот беше отворен со свечена приредба организирана со ученици од ПУ с.Пчиња и фолклорна група од ООУ „ Вук Караџиќ “.<br>**Организирани се повеќе акции како:**<br>• Прием на првачиња на почетокот на учебната година;<br>• „Базар“ за ученици со посебни потреби под мотото „Донесете насмевка, понесете среќа и радост“;<br>• Одбележување на Светскиот ден на учителот;<br>• Посета и соработка со француска Амбасада во француска резиденција;<br>• Организирање на Хуманитарен базар под мотото „Со љубов спакувано “ и „ Донесете насмевка, понесете среќа и радост “;<br>• Планинарски акции како дел од проектот „Планинарска |

| | | |
|---|---|---|
| | | инфраструктура “- основа за туризам и здрави навики;<br>• Одржана работилница како дел од кампањата „Крени глас против насилство“ во соработка со Градоначалникот и Макпетрол;<br>• Одржана работилница на тема: „Ненасилно решавање на конфликти“ преку Смарт - табели во соработка со Невладината организација - Центар за толеранција и доживотно учење;<br>• Учество во крводарителска акција;<br>• Успешно реализирана традиционална манифестација „Детски семафор“<br>• Успешно реализирана настава но природа;<br>**Во соработка со СВР се одржани активности :**<br>• По повод „Европска недела на мобилност“ - турнир во футбал под мотото „Спорт - да, дрога – не“;<br>• Проект „Безбедни училишта“;<br>• Одржан проект „Игри без граници“ под мотото „Децата и полицијата“.<br>Нашето училиште учествува секоја година на општински ,регионални и државни натпревари по македонски јазик, математика, природни науки, англиски јазик, италијански јазик, биологија и физичко |

| | | |
|---|---|---|
| | | образование.<br><br>**Реализирани проекти се:**<br><br>• Проектот на Чекор по чекор – „Биди ин, биди инклузивен, биди инклудиран“, се реализираше преку стипендирањето на ученици инклузирани во редовната настава.<br>• Преку Француски институт од Скопје се реализираше проектот-Соработка со француско основно училиште „Bois L‘eau“ од Bernaville.<br>• Учество во проектот „Шах во основните училишта“;<br>• Учество во проектот „Училница со ретка добрина“;<br><br>Во учебната 2022/23 година во соработка со ООУ„Бајрам Шабани“-Куманово беа реализирани активности за Меѓуетничка интеграција во образованието. Реализираните активности придонесоа за развој и унапредување на меѓуетничката интеграција и продолжување и продлабочување на соработката помеѓу двете училишта. Соработката продолжува и во 2023/24 година. Добиен е грант од МОН за реализирање на претходно планирани активности и тоа:<br><br>1. Изработка на осмомартовски честитки;<br>2. Мултикултурна шаховска секција со ученици од одделенска и предметна настава; |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во рамките на програмата Еразмус – мобилност училиштето учествуваше во 4 проекти од КА2 програмата.<br><br>Соработка со средните училишта се остварува преку презентација за промоција на истите, посета насредните училишта на отворени деновии прибирање податоци за постигања на нашите ученици во средно образование на ниво на град Куманово.<br><br>На Статутот на училиштето за кој е дадено согласност со број 01-487/1 од 10.12.2019 година се прави Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот со број 01-269/1 од 17.06.2021 година со која во состав на Основното училиште работи Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост.<br><br>Центарот за поддршка започнува со работа на 1.09.2022 год. Реализирана дисеминација за примена на „Протокол за споделување информации за деца со надмината возраст“, како дел од проектот „Инклузија на деца со ПОП“, во реализација на Општина Куманово.<br><br>Во Центар за поддршка на ученици со попреченост при нашето училиште се одржа и втората планирана заедничка инклузивна работилница со ученици од Центарот и ученици од ООУ„Христијан Тодоровски Карпош" и ООУ„Наим Фрашери" кои се дел од проектот „Инклузија на деца со ПОП" во организација на Здружението – „Отворете ги прозорците од Скопје“ поддржано од Детска фондација |

| | | |
|---|---|---|
| • Статут на Училиштето | | Песталоци. Под мотото „Сами можеме малку, заедно можеме многу повеќе" учениците од двете училишта и од Центарот за поддршка на учењето преку активности, разговор и примери се запознаа и стекнаа знаења за интеркултурализам, заеднички особини и карактеристики за момчиња и девојчиња и за разликите помеѓу нив. Се организираше завршен настан на проектната активност со поддршка на невладината организација Lets Spread Love и интернационалното училиште НОВА од Скопје.<br>Училиштето има потпишано меморандуми и договори за соработка со повеќе јавни, приватни институции и НВО: ООУ„Толи Зордумис“, ООУ„Бајрам Шабани“, ООУ„Вера Которка“ - с.Клечовце, ООУ„Христијан Карпош“ - Куманово, Кошаркарска федерација на Северна Македонија, Црвен Крст на Република Северна Македонија, SecurityMKAgency -Прилеп, „Дрекс Л Мајер“, Спортски младински клуб Динамик, ДТТЅ „Магнум“, ДОО „Штип“, Алфи Техноцентар“, НВО „Мајка“ - хуманитарно здружение, НВО - ,,ДРОМ“ безбедност при работа. Обезбедени се голем број на школски инвентар, помагала како и нагледни средства. Од МОН има обезбедено нагледни средства за опремување на кабинет по природни науки.<br>Училиштето заедно со Општина Куманово имаше аплицирано до МОН за реконструкција на кров во централната зграда на училиштето. Реконструкцијата е завршена во февруари 2024 година |

| | | |
|---|---|---|
| • Договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции<br><br>• Документација за добиени спонзорства и донации | | и чинеше 15 000 000 денари.<br><br>Донации се добиени од Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ во вид на нагледни средства за деца со посебни потреби и Nova International School ревија со реновирање на две работни простории и ходник во ООУ „Браќа Миладиновци", со кои на посебните паралелки ќе им овозможиме попријатно следење на наставата во чисти, нови и средени простории. Исто така, се набавени и средства потребни за изведување на часовите по физичко образование.<br><br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br><br>*Член на училишен тим: Наталија Крстевска*<br><br>*Член на училишен тим: Весна Лазаревска*<br><br>*Член на училишен тим: Сузана Анастасовска* |
| ***Индикатор3.4Севкупна грижа за учениците*** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишна програма на училиштето<br>• Педагошка | Превенција и заштита од | Во нашето училиште во голема мера се води грижа за превенција и заштита од насилство и тоа преку креирање на сигурна и поттикнувачка околина за учење и поттикнување на почитување на |

| | | |
|---|---|---|
| евиденција и документација<br>• Годишен извештај за работа на училишен парламент<br>• Годишна програма за работа на педагог и психолог<br>• Записници од советувања на ученици и родители<br>• Извештај за работа на наставник ментор<br>• Извештај од стручни активи<br>• Извештај и презентација од спроведено истржување на | насилство | различностите. Во текот на целата учебна година во училиштето се превземаат активности кои имаат за цел да истражат во која мера се појавува насилство помеѓу врсниците и да го намалат процентот на истото. Воедно се превземаат активности да се подобри комуникацијата помеѓу наставниците, родителите и учениците. Целта на овие активности е да се намали насилството помеѓу учениците во било кој вид (физичко и вербално), а воедно да се подигне нивото на комуникација помеѓу сите засегнати страни (ученик, родител, наставник). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Често посетуваат вебинари и предавањња на тема врсничко насилство со цел подобрување на сопствените компетенции за превенција на врсничко насилство. Тие во училиштето промовираат ненасилна комуникација преку свој личен пример и преку работилници во рамки на редовна настава и воннаставни активности.На часовите на одделенската заедница се организираат предавања и работилници на кои учениците стекнуваат вештини за препознавање и справување со различни видови на насилство. Насилството, формите на насилство и превенција на истите беа дел и од активностите на училишниот парламент. На почетокот на секоја учебна година се формира тим за заштита на деца од сите облици на насилство, злоупотреба и занемарување. |

| | | |
|---|---|---|
| тема „ Врсничко насилство и комуникација помеѓу ученик, наставник и родител“<br>• Записници од наставнички совети<br>• Записник од совет на родители<br>• Записници од родителски средби<br>• Протокол за заштита на жртви на насилство<br>• Записник од училишен одбор<br>• Извештаи од организирани предавања, дебати, работилници и | | Педагошко - психолошката служба континуирано дава поддршка преку советодавно-консултативни разговори (индивидуални и групни) на учениците и родителите. Училиштето навремено реагира на било кој облик на насилство и конфликт меѓу учениците. Стручната служба води евиденција за појавени форми на насилство, постапува според протокол за превенција и заштита од насилство како и евиденција за направени разговори со родители и ученици. За секој ученик кој пријавил некаков вид на насилство се прави тим за поддршка, составен од одделенски наставник, педагог и психолог. Училиштето има уредна документација за соработка со МВР и СВР- Куманово и Центар за социјална работа доколку има потреба за таква соработка.<br><br>Во текот на 2022 година, наставникот ментор на нашето училиште одржа предавања со наставниците на тема „Акционо истражување“ со акцент на Акциони истржувања во функција на врсничко насилство. Предавањата беа спроведени на ниво на стручни активи и на нив наставниците беа запознаени како да изготвуваат акциони истржувања во врска со врсничко насилство. По реализираната обука дел од наставниците изготвија свои акциони истржувања на ниво на свои паралелки кои подоцна и ги презентираа на родителските состаноци.<br><br>Стручната служба на училиштето во состав на специјален едукатор и рехабилитатор, социолог и библиотекар во учебната 2022/23 год и |

| | | |
|---|---|---|
| анкети со ученици од преставници на локална заедница на тема за Врсничко насилство<br>• Програма за работа на социолог<br>• Извештај од спроведена анкета на ученици од страна на социолог на училиште<br>• Анкета со наставници/ стручни соработници, родители/старатели и ученици | | 2023/24 година спроведоа големо истражување на тема „Врсничко насилство и комуникација помеѓу ученик, наставник и родител“. Истражувањето претставува квалитативно-квантитативна анализа на податоци во која учество земаа 150 ученици од VII-IXоддделение ( со иста полова распределност меѓу машки и женски), 30 наставници и 30 родители поделени во 9 фокус групи, по 3 од секоја кохорта. Целта на истражувањето е да се добие информација во кој степен е застапено врсничкото насилство во училиштето и на какво ниво е комуникацијата помеѓу наставниците, родителите и учениците. Од добиените резултатите при обработка на податоците (анкета за ученици и прашања од отворен тип во фокус групи) направена е презентација која е презентирана на наставнички совет, ооделенски часови на ученици од VII-IXоддление и совет на родители. Добиените резултати беа насока за превземање соодветни мерки за подобрување и на корегирање на оние сегменти во кои сметаме дека имаме слабости со организирање на предавања на оделенски час, работилници со учениците и родителите.<br>По упаството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било кој вид од формите на насилство, злоупотреба и занемарување донесено од страна на Министерот за образование и наука врз основа на член 66 став 2 од Законот за основно образование донесен е Протокол за заштита на жртви на насилство кој е усвоен од наставничкиот совет, совет на родтиели и училишен |

| | | |
|---|---|---|
| | | одбор.<br><br>Училиштето успешно соработува со Сектор за превенции при СВР Куманово па така во неделата на борба против врсничко насилство од секторот беше спроведена анкета на тема „Врсничко насилство“ организирано и спорведена за ученици од VIIдо IX со цел детекција , дали и во кои форми е присутно врсничкото насилство во училиштето. По завршената анкета се работеше со фокус групи на ученици за манифестирано насилство, како сè посериозна појава меѓу младите. Сериозноста на проблемот нè задолжува на заедничка сплотеност и соработка. Превенцијата е важна улога, а од особена важност е, сите релевантни фактори подеднакво да се вклучиме, училиштето со својот целокупен кадар, родителите и Сектор за превенција. Во склоп на одбележувањето на недела на борба против врсничко насилство , под мото „Заедно да кренеме глас против булинг“ беа снимени пораки за поддршка од страна на група ученици и пратени до сите ученици.<br><br>Општина Куманово како дел од општествено одговорниот и едукативниот проект „Крени глас против врсничко насилство“ за кој беше потпишан и Меморандум за соработка помеѓу градочалникот на град Куманово Максим Димитриевски и АД „Макпетрол“на 23.11.2023 година реализираше општествено одговорна кампања во период од декември 2023-февруари 2024 во кој беа вклучени сите основни |

| | | |
|---|---|---|
| | | училишта на територија на општина Куманово меѓу кои и нашето училиште. Во раките на проектот се реализирани неколку активности и тоа:<br>-Едукативни предавања во сите основни училишта на територија на општина Куманово;<br>-Печатење и дистрибуција на едукативен материјал за тоа што преставува врсничкото насилство, како да го препознаемее и спречиме;<br>-серија на работилници и едукација против врсничко насилство за ученици од VI, VII, VIIи IX одделение;<br>На работилниците учество зедоа по 10 ученика од VI, VII, VIIи IX одделение и тоа по 2 од секоја паралелка заедно со одговорните професори од генерација. По завршување на работилниците во училиштето се диструбираше едукативен материјал во вид на флаери за учениците и родителите и постери кои се залепени во училиштето.<br>Во текот месец март 2024 година е спроведено истражувањето на ученици од VIIIи IXодд од страна на социологот на училиштето за потребите на самото училиште, со цел да се утврди во колкава мера се запознаени учениците со правата на децата и одговорностите, како и формите на насилство и дискриминација во училиштето и во |

| | | |
|---|---|---|
| | | семејството.Резултатите се обработени презентирани на наставниците.<br><br>Врсничкото насилство, превенција и заштита на малолетните лица од истото е многу актуелно и присатно меѓу учениците во денешно време.Треба да се работи на се поголема едукација на учениците и тоа преку учество на работилници, проекти организирани од страна на невладини организации, стручни лица кои би ги потикнувале и охрабрувале учениците да го пријавуваат истото. Нашите ученици учествуваа во некои од таквите проекти.<br><br>Училиште беше дел и од проектот „Хепи Хипо Шоу - за кохезивно и инклузивно општество“, спроведуван од театар „Боеми“ од Скопје во соработка со „Отворена порта“ и „Хуманост“ финансиран од Европската Унија и ги третира манифестациите на насилен екстремизам и неговите форми во училиштата, бидејќи младите се најподлежни на влијанија и има потреба за сензибилизирање на локалната заедница, локалните власти, локалните бизниси и вкупното опкружување доколку се сака да се постигне успех. Во склоп на проектот беше одржана претстава за справување и едукација за врсничко насилство „Ех да можам“ изработена со поддршка на ОБСЕ Македонија и истата ја следеа и ученици од 4- 9 одделение.<br><br>Во мај 2024 год. во нашето училиште се одржа првата работилница на тема “Ненасилно решавање на конфликти преку СМАРТ-табела” |

| | | |
|---|---|---|
| | | во соработка со невладината организација “Центар за толеранција и доживотно учење” и во истата учествуваа ученици од осмите одделенија.<br><br>Спроведена е анкета во училиштето по случаен избор на:<br><br>- 292 ученика од вкупно 804 ученика од IV до IX одд.,<br><br>- 81 наставника од вкупно 97 и 459 родители/ старатели од вкупно 1240 родители на ученици од од I до IX одд..<br><br>Сите последователни тврдења се од истата анкета.<br><br>На анкетата на тврдењето „Запознаен сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случај на насилство“ - најголем број од родителие или вкупно 92% целосно се согласуваат или се согласуваат со тврдењето, а незначителен број односно вкупно 6% не се согласуваат или целосно не се согласуваат со тврдењето , додека незначителен број на родители односно 2% не се согласуваат со тврдењето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br><br>На истата анкета на тврдењето „Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство“ - 42% од испитаните ученици целосно се согласуваат со тврдењето, 42% се согласуваат, 6% не се согласуваат, 7% целсоно не се согласуваат и 2 % воопшто не се согласуваат со оваа тврдење. На истото тврдење 61% од испитаните наставници целосно се согласуваат, 37% се согласуваат, 2% не се согласуваат а нема наставници кои целосно не се согласуваат со тврдењето или не се запознаени со истото. На истото тврдење 26% од испитаните родители целосно се согласуваат со тврдењето, 47% се согласуваат, 9 % не се согласуваат, 2% целосно не се согласуваат, додека 16% од испитаните родители немаат информации за оваа тврење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>На тврдењето „Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето“ - најголем број од испитаните ученици целосно се согласуваат или се согласуваат со тврдењето односно вкупно 88%, незначителен број не се согласуваат или целосно не се согласуваат со тврдењето односно 10%, и незначителен број односно 2% немаат информации за оваа тврдење.<br><br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br><br>*Член на училишен тим: Андријана Владимирова* |

| | | |
|---|---|---|
| • Кодекс на однесување<br>• Извештаи од организирани дебати, трибини предавања со учениците<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Извештај за работа на тимот за Црвен Крст<br>• Анкета со наставници/ стручни соработници, родители/старатели и ученици | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Со Кодексот на однесување се забранува пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање дрога во училиштето и училишниот двор. Училиштето има пишани процедури за регистрирање појава на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. На влезната врата на училиштето и внатре во училиштето, наставничките канцеларии се истакнати ознаки за забрането пушење.<br>Во училиштето се организираат едукативни предавања за превенција од употреба на алкохол, цигари и дрога од страна на наставниците, преставници на невладиниот сектор, здравство и МВР.<br>Во декември 2023, учениците од VIII и IX одд. учествуваа на предавање на тема превенција од болести и на зависности со наслов „Едуцирај, Информирај, Превенирај“ организирано од Црвен Крст спроведено од страна на лекар, врснички едукатор за болести од зависности и преставници од Црвен Крст. Целта на предавањето беше запознавање на учениците со болести на зависности како и последиците од нив. Учениците активно учествуваа во дискусијата преку прашања и одговори.<br>Во месец март нашето училиште зеде учество на натпревар во футсал под мотото спорт ДА, дрога НЕ а кое беше организирана од Општински Совет за превенција на малолетничко престапништво со цел да се приближат младите до вистинските вредности. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На последната анкета спроведена кај наставници, родители и ученици во нашето училиште на тврдењето „Учествувам во работилници за заштита од штетните влијаниа на пушењето, алкохол и наркотични средства“ 25% од испитаните ученици целосно се согласуваат со тврдењето, 32% се согласуваат, 19% не се согласуваат, 5% целосно не се согласуваат а 19% не знаат или немаат информаци за спроведување на ваков тип работилници. На истото тврдење 21% од наставниците целосно се согласуваат , 53% се согласуваат , 17% не се согласуваат, 1,5% целосно не се согласуваат додека 7,5% немаат информација или незнаат. Одговорите на родителите се согласуваат со одговорите на децата со незначајно одстапување, па така 24% од испитаните родители целосно се согласуваат со тврдењето дека во училиштето се превземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога, 31 %се согласуваат, 11% не се согласуваат , 3% целосно не се согласуваат а 31% немаат информации. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br>*Член на училишен тим: Андријана Владимирова* |
| • Инетрвју со секретар на училиштето<br>• Записници од совет на родители<br>• Планирања на | Квалитет на достапна храна | Во нашето училиште нема училишна менза и училиштето не организира оброк за учениците па така учениците сами се снабдуваат со храна и тоа носење од дома или во најголем број случаи учениците, со согласност од родителите купуваат храна во сендвичарите, пекарите или продавниците во непосредна близина и за истите имаме сознанија од ХЕС за квалитетот на храната. |

| | | |
|---|---|---|
| програма за животни вештини<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Набљудување на условите во училиштето | | Училиштето преку совет на родители даваше предлог за набавка на кифли преку постапка со барање на прибирање на понуди од понудувачи -пекари кои ги исполнуваат сите услови за вршење на дејноста, производство, чување и дистрибуција на храна, но кај родителите немаше заинтересираност. Учениците сами бираат каде ќе купуваат храна.<br><br>Во училиштето кифли се обезбедени за учениците со посебни образовни потреби кои следат настава во Центарот за поддршка во склопот на нашето училиште и истите се финансирани од страна на општина Куманово. Изборот на кифлите се врши преку постапка со барање на прибирање на понуди од 3 понудувачи. Училиштето формира комисија од три члена кои ги разгледуваат понудите. Избраната пекара ги задоволува сите услови за вршење на дејноста и истата се обврзува секојдневно да доставува различни,свежи кифли при што се испочитувани хигиенските мерки за чување на храна - кифлите се спакувани во хартиени кеси во специјални кутии за кифли.<br><br>Во последно време сериозно се наметнува проблемот за примена на здравата и квалитетна храна во училиштата, како императив на светските текови за здрава исхрана. Во таа насока, многу е битна едукацијата на учениците во врска со начинот на исхрана и употребата на здрава храна. Затоа во нашето училиште како во |

| | | |
|---|---|---|
| | | предметна настава така и во одделенска настава се обработуваат наставни содржини за здрав начин на исхрана, се работи на навики за здрава исхрана преку работилници, дискусии, презентации, активности од еко проектот и програма за животни вештини.<br><br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br><br>*Член на училишен тим: Андријана Владимирова* |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Набљудување на состојбата во училиштето<br>• Интервју со хигиеничарка<br>• Годишен извештај за работа на училиштето<br>• Распоред на дежурни | Хигиена и заштита од болести | Во училиштето редовно се врши чистење и дезинфекција на училници, ходници и тоалети, во законски прописи, неколку пати во тек на денот. Ходниците се бришат по секој одмор, пред и по секоја смена. Училниците се чистат, бришат и проветруваат пред и по секоја смена, клупите се бришат секојдневно пред и по завршување на часовите а подовите и клупите се дезинфицираат еднаш неделно од страна на техничкиот персонал. Во дворот на училиштето и во секоја училница и ходниците има корпи за отпадоци, во училишниот двор има канти за селектирање отпадоци, но истите недостасуваат во ходниците на училиштето. Во тек на летниот период се врши кречење на училниците и ходниците, а во соработка со ХЕС, два пати во текот на годината се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училиштето.<br><br>Редовно се чисти и спортската сала, училишниот двор, косење |

| | | |
|---|---|---|
| наставници и технички персонал поставен на<br>• Огласна табла и на видни<br>• Места во ходници<br>• Прашалници за учениците и родителите<br>• Интервју со домаќин на училиштето (Испратница)<br>• Планирања на програма за животни вештини<br>• Педагошка документација<br>• Анкета со наставници/ стручни соработници, | | трева, хортикултурно уредување од страна на технички персонал, но и од страна на ученици кои преку разни еколошки и воннаставни активности учествуват во активности за засадување и грижа на цвеќиња во училишниот двор, училниците, кабинетите и ходниците. Колку и да се грижи училиштето за хигиената, во некои од тоалетите од училишните објекти поради стара канализациона мрежа се шири непријатна миризба. Училиштето редовно издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција и лична хигиена и истите се чуваат и по потреба се доделуваат од страна на домаќинот на училиштето. На часовите на одделенската заедница воспитно се делува врз учениците за одржување на лична хигиена и заштита од заразни болести и создавање хигиенски навики.<br>Преку Еко-тим и Тим за хигиена во паралелките, учениците водат грижа за одржување на чисти и уредни, добро проветрени училници.<br>На спроведената анкета на тврдењето „Училиштето е чисто и уредно, одговорите на учениците“ кореспондираат со одговорите на родителите и истите се поделени, половина од испитаниците се согласуваат со тврдењето и сметаат дека хигиената е задоволителна и на високо ниво, а половината мислат дека хигиената не е на задовалително ниво. Незначителен е бројот на оние кои се изјасниле дека немаат информација за оваа прашање.<br>Училиштето има програма за здравствена заштита која е дел од |

| | | |
|---|---|---|
| родители/старатели и ученици<br>• Програма за здравствена заштита<br>• Евиденција за соработка на училиштето со Центар за јавно здравје<br>• Евиденција на<br>• Систематски прегледи, стоматолошки прегледи и вакцинација<br>• Извештај за работа на тимот за Црвен Крст | | Годишната програма на училиштето, како и програма за заштита од заразни болести кои се спроведуваат од страна на вработените во училиштето, како и од доктори и други здравствени работници по пат на предавања, дебати и делење на флаери, како и во рамките на еко проектот на точките на акција кои се однесуваат на здравјето и во склад со еко календарот со одбележување на светски ден на здравјето пропишан од СЗО. При појава на заразни заболувања (епидемија) училиштето донесува укажување до родителите и наставниците за посебен режим на однесување како во училиштето, така и дома во контекст на симптомите, пренесувањето на болеста, превентивата и во однос на посетата на наставата. Стручната служба во ваков случај секој ден ги посетува одделенијата за проверка на евентуално болни и отсутни поради болест и поднесување на извештај до Државниот санитарен инспекторат и ЦЈЗ.<br><br>Според Годишна програма на училиштето, во соработка со ЈЗУ школска амбуланта и амбуланта „Тоде Мендол“ на учениците им се извршуваат систематски прегледи и тоа за ученици од II, IV, VI и VIII одделение со цел да се следи целокупното здравје на учениците за превенција и заштита од несакани здравствени проблеми и истите ќе бидат реализирани без да се попречува наставата по завршување на наставата, а учениците ќе бидат предводени од своите класни раководители, превентивни стоматолошки прегледи и зафати и |

| | | |
|---|---|---|
| | | редовна вакцинација согласно календарот за имунизација и вакцинација од Министерствот за здравство.<br>Во месец ноември 2023 год. во просториите на нашето училиште беше организирано предавања од страна на лекар од Центар за јавно здравје, на тема значење на ХПВ вакцинација на која присуствуваа родители и ученици од VII, VIII и IXодд.<br>Училиштето организира санитарен преглед еднаш годишно и систематски преглед организиран за наставници и технички персонал на секои две години.<br>Во текот на месец декември 2023 година, во нашето училиште се оформи училишен клуб предводен од Црвен Крст општинска организација Куманово. Учениците покрај другите активности беа дел и од работилници и активности за совладување на техниките за давање прва помош од страна на волонтерите на Црвен Крст општинска организација Куманово. Во училиштето постои и обучен кадар од страна на Црвен Крст за давање прва помош.<br>На одделенските часови се организираат работилници и едукативни предавања за заштита на здравјето, орално здравје предводени од лекари, стоматолози.<br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br>*Член на училишен тим: Андријана Владимирова* |

| | | |
|---|---|---|
| • Интервју со директор<br>• Проект за реновирање на кровна конструкција<br>• Извештај од стручен актив<br>• Педагошка документација<br>• Записници од наставнички совет<br>• План за евакуација<br>• Правилник за заштита од пожари и експлозии<br>• Интервју со домаќин на училиштето<br>• Распоред на дежурства за | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Училишниот простор во училишните згради во централното градско подрачје е безбеден за изведување на настава. Во учебната 2022/23 година поради протекување на кровната конструкција во централната зграда, вториот спрат не се користеше за изведување на воспитно-образовниот процес поради поплавени училници и ходници, испукани ѕидови, појава на мувла и непријатна миризба и понекогаш проблеми со електрична енергија поради влага и инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност за учениците. Од тие причини училиштето се соочува со недостаток на училници. Во учебната 2022/2023 година наставата во училиштето се одвиваше така да дел од паралелките наставата ја реализираат во СОУГ „Гоце Делчев“ (IIIоддление) и зграда „Карпош“ (IX оддление).<br><br>На крајот на 2023 година заврши санацијата на покривот на училиштето, со што беше решен еден децениски проблем, па така учениците кои следеа настава во гимназијата „Гоце Делчев“ и во други објекти од училиштето се вратени во матичниот објект и без проблеми почна второто полугодие за учениците од централното градско училиште. Покрај кровната конструкција, извршена е и санација на горниот кат, сменета е електрична инсталација на двете крила од зградата, извршено е варосување, поставени се нови олуци. Во текот на месец мај 2024 година се реновираа и училниици и |

| | | |
|---|---|---|
| наставниците и технички персонал<br>набљудување на условите во училиштето<br>• Извештај од реализирани активности<br>• Организирани предавања, трибини и дебати со ученици, наставници и родители | | ходник во приземјето на училишната зграда таканаречена Карпош. Во овој простор присатен е долгогодишен проблем со влага, па така сега е направена внатрешна изолација на на овој дел. Проектот е помогнат и поддржан од невладина организација „Летс спред лав“ и приватно средно училиште „Нова“. Училишниот објект во село Пчиња е во незавидна состојба, потребна е реконструкција, бидејќи објектот е постар. Општина Куманово се обврза да го фиансира реконструирањето на подрачното училиште „Браќа Миладиновци“ во село Пчиња, ќе се реконструира и внатрешноста и фасадата на училиштето, со што ќе се обезбедат подобри и побезбедни услови за следење на наставата на учениците.<br>Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите се почитуваат. На почетокот на секоја учебна година се формира тим за безбедност. Има изработено план за заштита и спасување. Донесен е интерен акт (упатство) за постапување (евакуација) во случај на елементарни непогоди, и се изведуваат симулации. Во училишниот простор има доволен број на апарати за противпожарна заштита и на истите се врши редовна контрола, сервис и замена на секои 6 месеци од овластен сервис со потпис и печат. Пред грејната сезона се врши детална контрола и сервисирање на котларите во училиштето По препорака од Центар за |

| | | |
|---|---|---|
| | | управување со кризни состојби во учебната 2022/2023 година во училиштето се спроведе обука за заштита од земјотреси. Во учебната 2022/2023 година во училиштето имаше дојави за бомби и прекин на наставниот процес. Училиштето спроведе обука за брза евакуација во случај на хибриден напад, го засили дежурството и постави видео надзор. Спроведе неколку вежби за брза евакуација за сите вработени и ученици. При хибридните напади вработените во училиштето, навремено и безбедно ги евакуираа сите ученици и ги информираа надлежните од СВР Куманово. Со предупредувачки пораки/налепници се информираат учениците за опасности по нивна безбедност. За сите потенцијално опасни места во училиштето (штекери, скали, лизгави површини), учениците се обучени како да се однесуваат кон нив. Учениците во текот на практичната настава по предметите: ТО, физика, хемија и физичко и здравствено образование, вршат експерименти и користат хемикалии, алати, прибор и справи за вежбање само под надзор и во присуство на соодветниот наставник.<br><br>За ученици и посетители со телесен инвалидитет има поставено рампа на главен влез, но и другите влезови во централната зграда се целосно преадаптирани со пристапна рампа. Во училиштето има и тоалети за лица со телесен инвалидитет и тоа во централната зграда и зградата каде настава изведуваат ученици од Центарот за |

| | | |
|---|---|---|
| | | поддршка. Подовите во централната зграда се адаптирани за движење на лица со посебни потреби со што е зголемена безбедност на движење на овие ученици. За обезбедување на благосостојба на учениците, за време на наставата има дежурни наставници и технички персонал (со однапред изготвен распоред) кои водат грижа за да не настанат проблеми за време на одморите во училиштето. Училиштето има пожарни (панични) светла кои во случај на прекин на електричната енергија би послужиле за означување на влезовите и излезите. Училишниот двор е безбеден за учениците, бидејќи има поставено видео надзор и порти на влезовите на училишниот двор и во истиот постои забрана за паркирање на автомобили. Со видеонадзор е покриена и спортската сала, и влезовите во училишните згради. Потребно е во случај на повреди во училиштето да се постави кутија за прва помош на видно место во холот во училиштето достапна за вработените и учениците.<br><br>Нашето училиште е вклучено во проектот Безбедни училишта уште од далечната 2012/13 година преку Локален совет за превенција Општина Куманово и СВР Куманово – сектор за превенција. Насоките за Безбедни училишта се вметнати во годишната програма на училиштето. Овој проект придонесува за развивање на одговорноста кај самите ученици и нивно анализирање на ниво на безбедноста на училиштето , преку согледување на заканите по безбедност во |

| | | |
|---|---|---|
| | | училницата и училиштето. Со вклучувањето во проектот „Безбедни училишта“, училишните тимови за безбедност во нашето училиште ја преземаа својата лична и колективна одговорност за значењето и улогата во подобрувањето на безбедноста во и вон училиштето. И оваа година нашето училиште е вклучено во рамките на проектот Безбедни училишта на СВР Куманово со ученици, одделенски раководители (по еден претставник од секоја генерација од VI-IXодделениеи) и родители (по 1 за секоја генеарција одделно) како преставник во работна група на родители. Во текот на годината се вршат предавања, презентации и работилници со актуелни теми од денешницата: безбедноста до и во училиштето, конфликти и разрешување конфликти, превенција и штетно влијание од дрога и алкохол, проектни активности, игри без граници, ликовни работилници, спортски активности и натпревари.<br><br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br><br>*Член на училишен тим: Андријана Владимирова* |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Посебно внимание во училиштето се посветува на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства |

| | | |
|---|---|---|
| | | не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици ида учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства (на пример: екскурзии, приредби, натпревари,следење на on-line настава).<br><br>Во училиштето се организираат собирни акции на книги, облека и ученички прибор. Се партиципира трошокот за екскурзија и други вонанставни активности на оваа категорија на ученици. Училиштето во соработка со Општина Куманово и бизнис сектор додели таблети и лап-топна оваа категорија ученици за непречено следење на наставата. Училиштеторедовно соработува со локалната заедница, бизнис секторот и сородителите за навремено пружање помош на оваа категорија на ученици.<br><br>Во училиштето се работи на проектот Образовен додадок и детски додаток финансиран од МТСП каде што редовните ученици од ромска националност добиваат паричен надоместок.<br><br>Во училиштето има образовни медијатори кои работат со ученици од ромска националност и со потешкотии во учење распоредени од Општина, МОН и невладини организации.<br><br>Преку проектот Акција за вклучување на ромите во образование „Редовнона часови“, учениците од II и III одделение земаат стипендии. Проектот еподржан од „Чекор по чекор“. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Целта на Грижата на учениците од социјално загрозени семејства, е да се пружи поддршка на самите семејства на децата од социјално загрозени семејства во надминување на трошоците поврзани со нивното школување, училишни материјали, специјализирана опрема, воннаставни активности, транспортни трошоци или други слични специфични потреби.<br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br>*Член на училишен тим: Гордана Зец* |
| • Дневници во делот на изостаноци<br>• Процедура за оправдување на изостаноци од лекар и родител<br>• Евиденција на ученици со хронични заболувања и здравствени проблеми | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Обезбедување на соодветна грижа за учениците со здравствени проблеми е клучен аспект од нашата образовна мисија. Во текот на изминатата година, се направени значителни напори за подобрување на поддршката и грижата за овие ученици.<br>Развиен е ефективен систем за детектирање на ученици со здравствени проблеми преку соработка со родители, здравствени институции и квалификуван кадар. Со редовно ажурирање на здравствени досиеја на учениците се следи нивната здравствена состојба. Редовно е информирана стручната служба за ученици кои поради хронични заболувања (астма, дијабетес, епилепсија) или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практика на иницијатива на одделенскиот или предметниот наставник во соработка со |

| | | |
|---|---|---|
| • Процедура за грижа на ученици кои поради некое акутно или хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовна настава | | родителите, остантите вработени и други релевантни иституции (здравствени установи и центарот за социјална работа). За ученици кои подолго отсуствуваат од наставата, училиштето води соодветна грижа преку организирање на дополнителна настава, работа со учениците за надополнивање на изгубените наставни содржини и им помага во секојдневните активности. Ученици кои се спречени во одреден период да ја следат редовната настава од здравствени причини, им се овозможува полагање на класен испит на крајот од годината.<br><br>Училиштето за учениците кај кои се идентификувни здравствени проблеми, добива сознанија од раководителот на паралелката. Предметните или одделенските раководители ги информираат предметните наставници, особено наставниците кои предаваат спорт и спортски активности за здравствената состојба на учениците. За нив се води посебна евиденција и се прават посебни вежби соодветни за нивната здравствена сосотојба. Наставниците кои предаваат спорт и спортски активности во согласност со планот и програмата за работа која е предвидена, вршат мерења на тежина, висина и држење на телото. Тие резултати можат да бидат показател за одредени физички аномалии кај учениците. Со овие ученици се изведуваат специјални вежби или се упатуваат за помош кај стручни лица. |

| | | |
|---|---|---|
| | | За учениците со посебни образовни потреби и пост-конфликтни трауми, од голема помош се разговорите и соработката со училишниот психолог и педагог. Тие во секој момент им стојат на располагања на учениците за решавање на проблемот.<br><br>Учениците од прво до деветто одделение редовно посетуваат систематски и стоматолошки преглед со кои се детектираат здравствените проблеми на учениците. Специјалист по школска медицина доставува список со наоди во училиштето. Доколку се забележат посериозни здравствени пробелми, учениците заедно со родителите се повикуваат во диспанзерот и им се советува да го посетат нивниот матичниот лекар за совет и понатамошно лекување. Редовно се изготвуваат индивидуални образовни планови (ИОП) за сите учениците со пречки во развојот, осигурувајќи се дека наставниот процес е прилагоден на нивните можности и ограничувања.<br><br>Посебни ресурси и асистенти се обезбедени за учениците кои имаат потреба од дополнителна помош. Обезбедени се и подобри инфраструктурни услови кои ќе овозможат полесен пристап и поголема удобност за сите учениците со физичка попреченост. Наставниците и стручните соработници редовно посетуваат обуки за препознавање и справување со здравствените проблеми кај учениците и имаат пристап до најнови информации и ресурси за |

| | | |
|---|---|---|
| | | современите практики во грижа за учениците со здравствени проблеми.<br><br>Училиштето е пример за здрава инклузивна училишна средина која ги поддржува сите ученици, без оглед на нивните попречености и ги промовира разбирањето и прифаќањето на различностите преку организирање на активности и настани.<br><br>Воспоставена е редовна и отворена комуникација со родителите на овие ученици кои се активни партнери во процесот на планирање и имплементација на грижата за нивните деца.<br><br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br><br>*Член на училишен тим: Кристина Костадиновска* |
| • Програма за грижа на здравје;<br><br>• Програма на стручна служба-психолог;<br><br>• Центар за социјална работа; | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Грижата за социо-емоционалната добросостојба на учениците е главен составен дел на образованието и воспитанието. Вклучува активности, програми и стратегии насочени кон поддршка и развивање на емоционалните, социјалните и воспитните компетенции на учениците. Креирана е безбедна, поддржувачка и инклузивна учебна средина каде учениците се чувствуваат прифатени и ценети. Се планираат и реализираат наставни планови и програми со фокус на разивање на емоционалната интелигенција, емпатија, решавање конфликти и социјални вештини. Стручните соработници им стојат на располагање на сите учениците кои имаат |

| | | |
|---|---|---|
| • Логопед;<br>• Дефектолог;<br>• Социолог;<br>• Наставници;<br>• Здравствени институции;<br>• Анкети | | потреба од индивидуална и групна поддршка. Училиштето соработува со родителите и широката заедница за да осигура доследна и сеопфатна поддршка за учениците во училиштето и надвор од него.<br>Вработените во училиштето проследуваат едукации за менталното здравје и препознавање на знаци на менталните проблеми кај учениците како анксиозност, депресија и стрес. Учениците се поттикнуваат да развиваат вештини за самоуправување како што се:<br>- постатвување на целите, управување со времето и техниките за стрес-менаџмент.<br>Се промовира физчката активност, здравата исхрана и доволно време за одмор и сон како основа за добра емоционална состојба.<br>За учениците кои се идентификуваат како ученици кои имаат потешкотии во однесување, прилагодување во училишна средина или други потешкотии кои се рефлектираат на нивно емоционално и ментално здравје, се развиваат посебни програми според потребите на секое дете поединечно. Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците.<br>На овие програми работи стручен инклузивен тим, одделенски и предметен наставник, логопед, дефектолог, социолог, психолог, педагог, родителите и соодветните институции. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Програмите траат сѐ додека не се забележат подобрувања во однесувањето на учениците.Во текот на оваа учебна година е спроведена акнета наменета за родители.<br><br>На тврдењето „Дали училиштето се грижи за емоционалноста на моето дете“ - најголемиот дел на испитаниците, се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната сосотојба на учениците. Незначителен дел од испитаниците не се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната сосотојба на учениците, а само 5 родители изјавиле дека не знаат или немаат информации за ова прашање.<br><br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br><br>*Член на училишен тим: Кристина Костадиновска* |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето има изработено програма за професионална ориентација научениците. Согласно програмата, стручната служба во училиштето гиинформира наставниците и учениците за можностите на учениците за понатамошно образование и доусовршување. За подетално информирање средните стручни училишта, заедно со своите училишни тимови вршат презентација за постоечки смерови во нивните училишта. Сите субјекти во училиштето се свесни за важноста на одлуката на учениците, па затоа заеднички соработуваат и се надополнуваат. Класните раководители и предметните |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставници на дополнителни часови и проектни активности,ги запознаваат учениците со можните професии, постоечки средни училишта и смерови со кои располагаат училиштата.<br><br>Редовно се одржуваат работилници од страна на стручната служба соцелосно согледување на ученичките интереси и способности. Се изготвуваат прашалници за учениците од деветто одделение за нивната професионална ориентација. Ги информираат учениците дека секое средно училиште објавува конкурс за запишување, во кој децидно се наведени критериумите за упис, според кои учениците можат да конкурираат, зависно од можностите за запишување, во одредено средноучилиште.<br><br>После обработените податоци од прашалникот наставниците ги информираат учениците за резултатите од прашалникот, од кои се утврдуваат професионалните интереси и способности на учениците.<br><br>Со учениците се водат индивидуални разговори за изразените интереси иможности за нивниот избор на занимањето/институцијата за понатамошното образование и доусовршување.<br><br>Стручната служба заедно со наставниците подготвува трибини, дебати и работилници на кои се повикуваат родителитете и учениците. Им се презентира изработена листа за склоности и интереси, како и особини на личноста, поврзани со секоја струка. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкета со родители<br><br>Најголем број од родителите по однос на ова тврдење „Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на ученици“ се согласни дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на ученици, незначитечен дел не се согласни со ова тврдење додека мал дел (18 родитела) се изјасниле дека немаат информација дали тоа е така.<br><br><br><br><br>*Член на училишна комисија:Емилија Кириловска*<br><br>*Член на училишен тим: Гордана Зец* |

## *Подрачје3:Училишна клима и односи во училиштето*

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето има изградено препознатлив имиџ во општината и успешна соработка со локалната заедница. Има здрава училишна клима која претставува уредна, пријатна и мотивирачка средина за работа, со воспоставена атмосфера на ред и дисциплина. Изработени се кодекси за однесување кои се однесуваат на сите структури: ученици, вработени и родители и истите се почитуваат.

Училиштето е инклузивно и на сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничка припадност, верата и социјалниот стасус) им нуди еднакви можности да се вклучат во сите наставни и воннаставни активности. Ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Во правилниците на училиштето се опфатени основните начела за почитување на правата на децата, недискриминација, забрана за психичко и физичко малтретирање и сл. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата, правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите.

Го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирано ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) која учествува во донесување одлуки за прашања од непосреден интерес на учениците. Во училиштето има и Ученичкипарламент и ученички правобранител кои се формирани и избрани согласно Статутот на училиштето и работат според изготвена годишна програма. Свој придонес во решавањето на проблеми има и училишниот тим за безбедност.

Од особена голема важност за училиштето е нивото на кое се остварува комуникацијата помеѓу родителите на учениците и

самото училиште на сите нивоа. Се споделуваат секој вид на информации со родителите на учениците, се организираат голем број на работилници  и проекти и се прифаќаат и реализираат идеи на родители. Родителите континуирано  се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес, а пропишани се и задолжителни советувања.

Училиштето има континуирана соработка со релевантните институции од областа на воспитно – образовната дејност, со локалната заедница, јавните установи и деловен сектор.

Во нашето училиште во голема мера се води за севкупна грижа за учениците. Креира  сигурна и поттикнувачка околина за учење и поттикнување на почитување на различностите како база за превенција и заштита од насилство. Се превземаат низа активности кои имаат за цел да истражат дали и во која мера се појавува насилство помеѓу врсниците, со што се создаваат услови за навремено реагирање и справување со истото. Со Кодексот  на однесување на учениците им се забранува пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање дрога во училиштето и училишниот двор. Училиштето има пишани процедури за регистрирање појава на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. Преку воннаставни активности, предавања, работилници вршиедукацијата на учениците во врска со начинот на правилна исхрана и употребата на здрава храна.

Согласно годишната програма на училиштето се следи целокупното здравје на учениците со цел  превенција и заштита од несакани здравствени проблеми преку извршени систематски прегледи, превентивни стоматолошки прегледи и зафати и редовна вакцинација согласно календарот за имунизација и вакцинација од Министерството за здравство. Систематски и санитарни прегледи се извршуваат и кај вработените во училиштето.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите се почитуваат. Посебно внимание во училиштето се посветува на учениците од социјално загрозени семејства за да им се пружи поддршка во надминување на трошоците поврзани со нивното школување, училишни материјали, специјализирана опрема, воннаставни активности, транспортни трошоци или други слични специфични

потреби. Вложува напори да обезбеди сеопфатна грижа за учениците со здравствени проблеми.

Училиштето инвестира во социо-емоционалната добросостојба на учениците, во една поддржувачка и охрабрувачка средина, каде секој ученик има можност да ги исполни своите потенцијали со што ќе се подобри нивниот академски успех и ќе ги подготви за предизвиците на животот и надвор од училишните ѕидови. Училиштето има изработено програма за професионална ориентација на учениците. Сите субјекти воучилиштето се свесни за важноста на одлуката на учениците, па затоазаеднички соработуваат и се надополнуваат.

**Силни страни**

- Училиштето има изградено препознатлив имиџ во општината и успешна континуирана соработка со локалната заедница, јавните установи и деловен сектор.
- Училиштето води политика на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна почит, еднаквост и емпатија.
- Успешна соработка со партнер училишта од Ерасмус + проекти преку мобилности, размена на искуства и идеи и активности на учениците од нашето училиште со врсници од партнер училиште.
- Навремено информирање, реализирање и ажурирање на кодекс на однесување и облекување со вклученост на сите структури во училиштето.
- Работа на Центар за поддршка на учениците со потешкотии во учењето.
- Реконструиран кров во централна зграда.
- Вклученост на родители во организација на предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми.
- Промовирање на сите активности во локалната заедницаод страна на локални медиуми, фан страна и веб страна на

училиштето.

- Училиштето спроведува голем број на активности, работилници и предавања на кои учениците стекнуваат вештини за препознавање и справување со различни видови на насилство.
- Во училиштето има обучени наставници и ученици за давање на прва помош.

**Слаби страни**

- Незавидна состојба на училишната зграда на подрачното училиште во село Пчиња на кое му е потребна реконструкција.

**Приоритети**

- Реновирање на училишната зграда на подрачното училиште во село Пчиња на кое му е потребна реконструкција.

## *Подрачје 4:Управување,раководење и креирање политики*

| |
|---|
| Индикатор за квалитет |
| Управување и раководење со училиштето |
| Цели и креирање на училишната политика |

| ***Индикатор4.1 Управување и раководење со училиштето*** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Програма за работа на Училишниот одбор;<br>• Деловник за работа на Училишниот одбор<br>• Статут на училиштето<br>• Извештај од самоевалуација<br>• Записници, Одлуки,Извештаи од работата на Училишниот одбор<br>• Развојна програма на училиштето | Управување со училиштето | Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Постои и Деловник за работа на УО во кој јасно се дефинирани надлежностите за управување.Работата на УО е определена со Деловодник за работа УО работи согласно изготвена програма за работа. Состаноците се одржуваат редовно со мнозинство на членови на одборот. Информираноста за одржување на состаноци е преку електронска форма или телефонски контакти. Седниците се водат од страна на претседателот на УО а записници од страна на секретарот на училиштето. Директорот е редовно поканет и присутен на состаноците на УО што овозможува меѓусебен партнерски однос. Изготвена е годишна програма за работа на УО, како дел од Годишната програма за работа на училиштето. На седниците се водат и донесуваат одлуки за актуелни ,тековни прашања за работата во училиштето.За одлукитесе информираат вработените во училиштето преку Наставнички совет и извештаи за работа на УО.<br><br>Од **интервју со претседателот на УО** констатирано е деке сите членови се запознаени со програмата за работа и со своите надлежности.<br><br>Од интервјуто со претседателот кој целосно и содржински одговори на |

| | | |
|---|---|---|
| • Интервју со Директор и стручните соработници<br>• Програма за работа на директорот<br>• Програма за професионален развој<br>• Анкета за наставниците, родителите и учениците<br>• Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи)<br>• Докази за вклученост во регионални и меѓународни | | прашањата, добивме одговори и истовремено ги истакна силните и слабите страни на работата на УО.<br>Со анкетниот прашалник на членови на УО, констатиравме дека 100% целосно се согласуваат на поставените прашања, само на прашањето - Дали на состанок на УО може да присуствуваат заинтересирани од училиштето со дозвола на претседателот на УО, 50% од членовите немаат информација или не се запознаени.<br>*Членови на улилишен тим: Елена Марковска и Наташа Ѓорѓевиќ*<br>*Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ*<br><br>**Активности и програма за работа на Претседател на Совет на родители.**<br>Од интервјуто со Претседателот на Совет на родители дознавме дека избор на претседател на Совет на родители се изведува согласно Деловникот за работа. За евиденција на одржаните состаноци се изготвува записник.<br>Претседателот истакна дека во изминатиот период во кој ја извршува својата функцијата е задоволен од присуството на членовите на Советот, како и нивната се поголема заинтересираност за активно учество во дискусиите.<br>Одлуките донесени од страна на Советот на родители произлегуваат со заеднички консензус помеѓу неговите членови и често за истите се водат и долги дискусии. |

| | | |
|---|---|---|
| образовни мрежи (активности, дописи, апликации)<br>• Активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека<br>• Пописна листа за библиотечен фонд<br>• Извештаи и записници од следени часови од директор и стручни соработници со дозвола на директор | Раководење со училиштето | Советот на родители при ООУ „Браќа Миладиновци” предлага и именува тројца претставници од редот на активни членови на Советот за свои претставници во Училишниот одбор. Изборот се врши преку тајно гласање.<br><br>Соработката на Директорот на училиштето и Училишниот одбор со членовите на Советот на родители, а особено со Претседателот на Советот на родители е на едно високо ниво. Навремено и транспарентно се известени како за сите тековни, така и за сите идни планирани активности во и надвор од училиштето претставници во Училишниот одбор. Изборот се врши преку тајно гласање.<br><br>Соработката на Директорот на училиштето и Училишниот одбор со членовите на Советот на родители, а особено со Претседателот на Советот на родители е на едно високо ниво. Навремено и транспарентно се известени како за сите тековни, така и за сите идни планирани активности во и надвор од училиштето.<br><br>Годишната програма како документ училиштето ја доставува до Советот на родители на редовен состанок и нејзиното разгледување и усвојување е составен дел од годишната програма за работа на Советот на родители на почетокот на секоја учебна година.<br><br>На секој од одржаните состаноци секој член на Советот, кој воедно е и претставник на одделенска заедница, може да го искористи своето право да постави прашање, или да побара информација за било каков проблем кој |

| | | |
|---|---|---|
| | | произлегува од одделенската заедница.<br><br>Советот активно зема улога во организација на активности по повод Патрониот празник на училиштето, како и други организации и активности во текот на учебната година. За сите организирани активности кои училиштето ги спроведува или планира да учествува навремено се известени на редовните состаноци на Советот.<br><br>Совет на родители активно учествува на полето на координација заедно со Сектор за превенција на ученичко насилство при МВР - Куманово каде има свој претставник од редот на активните членови на Советот.<br><br>На полето на инклузијата од почетокот на учебната 2023/24 училиштето спроведува процес на тотална инклузија, а Советот дава активна поддршка на овој процес и преку свои предлози и мислења активно учествува во унапредување на истиот.<br><br>Континуирано Советот е известен од страна на надлежните претставници на училиштето за тековните и планираните соработки со други училишта, локални и меѓународни организации и здруженија.<br><br>Темите кои се актуелни во тековната учебна 2023/24 год. се зачестеноста од појава на различни форми на ученичко насилство, новата концепција за основно образование и не помалку важни се и темите кои се поврзани со подобрување на инфраструктурата во која се одвива воспитно-образовниот процес . |

| | | |
|---|---|---|
| | | Еден од основните предуслови за подигнување на квалитетот на наставата и постигнување на подобри резултати е збогатување на постојните просторни капацитети со современа информатичко комуникациска технологија, како и современи наставни средства за правилен психо-физички развој на децата.<br><br>Во изминатиот период евидентна е желбата на вработените во училиштето за негување на еден вид партнерски однос со родителите, со единствена цел – постигнување на подобри резултати на учениците.<br><br>*Член на училишен тим: Виолета Илиевска и Бојан Трајковски*<br><br>*Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ*<br><br><br>Директорот ја извршува раководната функција во Училиштето, во согласност со законските прописи и статутот на Училиштето. Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вработени во училиштето. Директорот е целосно насочен кон квалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на училиштето.<br><br>**Од интервјуто со директорот на училиштето установивме дека надлежностите и ингеренциите се следни:**<br><br>- Комуникации и односи со јавноста, промоција на училиштето;<br>- Унапредување на меѓучовечките односи; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Обезбедување кадар како и професионален и кариерен развој на истиот;<br>- Планирање, поддршка на наставата и учењето;<br>- Грижа за безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците;<br>- Раководење со финансии и материјални ресурси.<br><br>Со долгогодишната работа во просвета, директорот има изградено авторитет и кредибилитет кон наставниот кадар, Со својот професионален пристап кон работата дава личен пример заснован на знаења и вештини. Преферира тимска работа и споделување на добри практики. Се води со принципите: почит, професионалност, одговорност, отвореност, критичко и самокритичко однесување и размислување.<br><br>Директорот има комплетен увид за тоа, кој наставник и колку ја врши примарната работа, но и врши опсервација и анализа на личните капацитети и можности на поединци Води темелна анализа на кој начин секој наставник може да го даде својот максимум како член на училишниот тим.<br><br>Основна политика на училиштето е поголема вклученост на наставниците, секој да се пронајде себеси во некој од тимовите за креирањето и спроведувањето на училишната политика. Се со цел за поголема ефикасност во работата на училиштето.<br><br>Што се однесува до материјалните-технички средства, тие редовно се |

| | | |
|---|---|---|
| | | планираат преку анкетирање на наставниците, индивидуални разговори, увид во САМОЕВАЛУАЦИЈА 2021-2022 2022-2023 год., постоечката состојба во училиштето, предлог финансискиот план, планот за јавни набавки и Годишната програма за работа на училиштето.<br><br>Во изминатата година приоритет беше реконструкција на училишвиот кров, и истата успешно се реализираше. Во училиштето континуирано се реализираат проекти во однос на инфраструктурата на: училишната зграда, училници, столарија и сл. По завршување на учебната година следи комплетна санација на целата училишна зграда во ПУ село Пчиња. Кровен покривач, нова енергртско ефикасна фасада, електрика, водовод, канализација, тротоари. Преградување на постојни училници во девет за да може наставата да се изведува во една смена, со што би се заштедело на енергенси на затоплување.<br><br>Што се однесува до безбедноста во училиштето, се превземаат сите законски мерки кои се во законска надлежност. Има соработка со сите релевантни фактори, на локално и државно ниво.<br><br>Секојдневно дежурство од страна на наставници и технички персонал.<br><br>Има инсталирано видео мониторинг и патролно обезбедување од страна на Агенција за обезбедување.<br><br>Директорот,Училишен Одбор, Советот на родители и Наставничкиот совет има редовна и конструктивна соработка. Директорот редовно присуствува на |

| | | |
|---|---|---|
| | Управување и раководење со ресурсите | сите состаноци.<br><br>Училиштето редовно изработува проекти со истите аплицира и со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во соработува со локална самоуправа, амбасадите, владиниот и невладиниот сектор.<br><br>Училиштето редовно учествува на сите општински, регионални и државни натпревари, по различни предмети и спортски активности, и постигнува врвни резултати. Исто така се реализираат и различни проекти, базари, хуманитарни акции.<br><br>Директорот е во постојана соработка со тимот за развојно планирање Потребите за професионален развој на наставниците постојано се следат преку анкети иработата на стручните активи, реализацијата на проекти и посетата на семинари. Професионалниот развој на наставниците се следи преку портфолија и преку педагошки картон за секој наставник. Стручните соработници постојано и максимално им излегуваат во пресрет на наставниците во поглед на промените на наставните програми.<br><br>Директорот соработува со тимот за развојно планирање, ги следи потребите за професионален развој на наставниците, ги идентификува потребите за нагледни средства и планира набавка на истите.<br><br>*Членови на училишен тим: Ана Гиевска и Сашо Димковскиа*<br><br>*Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ* |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Активности и програма за работа на училишната библиотека/ медијатека**<br><br>Училишната библиотека - медијатека располага со книжен фонд од: лектирни изданија, енциклопедии, стручна литература за наставници, сликовници и литература од различни жанрови и за истиот се води електронска евиденција. Библиотеката/медијатека е опремена со компјутери и има пристап до интернет кој е достапен на учениците за истражувачки активности од сите области за потребите во училиштето.<br><br>Училишната библиотека има изготвено годишна програма за работа и во текот на учебната година се реализираат сите активности кои опфаќаат:воспитно- образовна работа со учениците, соработка со наставниците, стручните соработници, директорот и родителите како и културна и јавна дејност.<br><br>**Реализирани активности**:<br><br>- Развивање на читателски и креативни способности на учениците;<br>- Обработка на прочитана лектира;<br>- Литературно и ликовно творење по повод „Месец на книгата“;<br>- Учество на учениците на распишани конкурси од општина Куманово;<br>- Развивање на критички став за вреднување на литературни дела со |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученици од осмо и деветто одделение;<br>- Учество во работилници со ученици и родители (Нова година, Патронен празник, Велигден);<br>- Соработка со наставниците и директорот за набавка на помошен книжевен материјал како и дидактичко.–едукативен материјал;<br>Цел на библиотеката е набавка на нови наслови на лектирни изданија, посебно на наслови кои се предвидени за обработка според новата наставна програма, како и нејзино доуредување.<br>Од спроведената анкета со ученици и родители добиени се следниве резултати.<br>Анкета со Ученици<br>Тврдење 1 Можам да земам книга / лектира од училишната библиотека / медијатека во секое време<br>Учениците по однос на ова тврдење се согласни дека можат да земат книга или лектира од училишната библиотека во секое време. Мал дел сепак не се согласни со ова тврдење додека сосем незначителен дел од учениците не се сигурни.<br>Тврдење 2 Библиотека / медијатека е место каде можам да читам и учам во пријатна атмостфера<br>Најголемиот дел од учениците се слагаат со тоа дека библиотеката / |

| | | |
|---|---|---|
| | | медијатеката е место кое е пријатно за учење и читање. Сосема мал дел сепак не се согласни со ова тврдење.<br>Анкета со родители<br>Тврдење 3 Училишната библиотека е достапна за сите ученици<br>Родителите во најголем дел сметаат дека библиотеката во училиштето е достапна за сите ученици подеднакво. Одреден дел на родители се изјасниле дека немаат информација или не знаат дали библиотеката им е достапна на учениците додека сосема мал дел сепак се изјасниле дека не се согласни со ова тврдење.<br>*Член на училишен тим: Марија Спасовска*<br>*Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ*<br><br>**Вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации**<br>Во тековна 2022/2023 и 2023/2024год, училиштето „Браќа Миладиновци“ учествува во вкупно 4 проекти од КА2 програмата.на ЕРАЗМУС.<br>Во месец октомври ја реализиравме третата мобилност во рамки на проектот Get Ready For Future, каде нашето училиште беше домаќин. Ги угостивме партенр училиштата од Италија, Португалија и Полска во период од 17 до 21 Октомври. Мобилноста беше многу успешна, покрај реализирините активности во училиштето и посетите на историски значајни локации во |

| | | |
|---|---|---|
| | | нашата земјач беше остварена и посета во вилата на Претседателот Стево Пендаровски.<br><br>Во месец октомври следеше и финален извештај за проектот Everybody has a story. Сите податоци беа пратени на платформата ECAS, и целата документација е испратена во Национална Агенција.<br><br>Во меѓувреме проектите Empathy a way ti the human being i In Natyre we learn беа финализирани и заквршени со сите активности.<br><br>Во јануари следеа видео конференци за реализирање на мобилностите во Полска и Италија.<br><br>Во февруари е реализирана мобилноста во Полска во градот Конопишка, каде замина тим од два наставника и пет ученика од нашето училиште.<br><br>Во мај следеше и последната мобилност во Италија во Сан Џовани, Сицилија. Тим од два наставника и пет ученика го презентираа завршниот робот изработен од нашиот тим заедно со професорката по информатика.<br><br>Во месец септември следеа видео состаноци со училиштата партнери од Италија, Полска и Португалија, за да се финализираат последните подготовки и договори за поднесување на финалниот извештај на платформата ECAS. По извршените консултации со Националната Агенција извештајот беше поднесен. Следуваше средување на потребната документација потребна на Националната Агенција во Северна Македонија, со цел успешно затворање на проектот - Get Ready For Future, И последниот проект беше успешно |

| | | |
|---|---|---|
| | Раководење со кадарот | финализиран. Во месец Февруари , со партнер училиштето од Сицилија-Италија, аплициравме за програмата КА-210 и резултатите ги очекуваме во месец јуни.<br><br>Долгогодишната работа и соработка, вмрежувањто со училишта од цела Европа и споделување на добри практики, имаа голем придонес и придобивки за училиштето и учениците, се надеваме успешно ќе продолжиме со реализација на слични проекти.<br><br>*Член на училишен тим: Ана Гиевска*<br><br>*Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ*<br><br>**Професионален развој/стручно усовршување на кадарот**<br><br>Темите за стручно усовршување на наставниот кадар кои ги избира училиштето се во склад со Развојното планирање на училиштето и приоритетните задачи во Годишната програма. Стручното усовршување се базира врз прифатени проекти и во согласност со реализацијата на концепцијата за деветгодишно образование. Училиштето има воспоставено процедура преку која што се врши дисеминација. Обучените наставници го споделуваат своето стекнато знаење преку стручните активи и преку индивидуалната и тимска соработка со колегите.<br><br>Развојното планирање содржи јасно дефинирање на приоритетите, целите и задачите, кои директно влијаат на креирањето на училишната политика, а кои |

| | | |
|---|---|---|
| | | се одраз на мисијата и визијата на училиштето. Во поставувањето на развојните цели, вклучени се училишниот тим, наставници, ученици, претставниц и од Совет на родители. Успешно и продуктивно остварува партнерства со локалната заедница, не владиниот сектор и други институци и кои се поврзани со делокругот на работа на училиштето и др.<br><br>Планирањето на развојните цели себазира врз податоци од Совет на одделенски и предметни наставници, табеларни прегледи, резултати од анкети, интервјуа, опсервации и др. за сите субјекти вклучени во образовниот процес. Училиштето се стреми кон реалност во планирањето преку извештаите и анализите на училиштето до кои се доаѓа на Совети на одделенски и предметни наставници, Наставнички совети и УО, преку кои се согледуваат позитивните и оние помалку успешните страни на работењето.<br><br>Вработените од нашето училиште имаат посетено голем број на обуки, семинари, работилници и друг вид на стручно усовршување.Вработените од училиштето се опфатени во обуките или преку директно учество на одреден семинар или преку дисеминација на стекнатите знаења и вештини преку стручни активи, работилници, предавања и сл.во училиштето.<br><br>Училиштето континуирано го следи стручното усовршување на наставниците и нивното учество на обуки, семинари и конференции, а истите се евидентираат во Професионалното досие на наставниците.Стручното усовршување на наставниот кадар во училиштето се одвиваше во континуитет преку повеќе форми и облици. Училиштето има добра пракса за |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот преку Стручните активи, Одделенски совети и Наставнички совет.Постојано следење на стручна литература, посета на семинари организирани од Биро за развој на образованието, МОН и другите стручни институции и акредитирани организации. Во текот на изминатиот период, одделенските и предметните наставници беа на многу стручни обуки и семинари.<br><br>Во училиштето постои Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Со овој правилник се уредува формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници и истиот е составен од три дела: Планирање на професионален развој, Реализација на професионален развој и Согледувања и препорака за реализацијата на личниот план. Делот Планирање на професионалниот развој, наставникот односно стручниот соработник го пополнува секоја учебна година и го доставува најдоцна до 10 септември за тековната учебна година до тимот за професионален развој во училиштето, во хартиена или електронска форма.Делот Реализација на професионален развој, наставникот односно стручниот соработник го пополнува секоја учебна година и го доставува најдоцна до 30 јуни за тековната учебна година до тимот за професионален развој во училиштето, во хартиена или електронска форма.<br><br>*Член на училишен тим: Гоце Крстевски и Гордана Ракиќ* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ* |

| ***4.2. Цели и креирање на училишната политика*** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Извештај од самоевалуација<br>• Развојна програма на училиштето<br>• Акциони планови<br>• Анкети/Интервјуа со директор, стручни соработници, наставници родители, ученици<br>• Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет<br>• Записник од состаноци на одд. заедници и ученичка организација | Процедури за креирање на училишната политика<br><br>Резултати од развојното планирање<br><br>Планирање и управување со училишниот буџет | Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на политиките, целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување преку состаноците на Наставничкиот совет, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници, Совет на родители и родителски состаноци, стручни активи, преку соопштенија, иформативни катчиња, огласна табла, веб страна на училиштето. Учениците преку ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на училиштето преку организирање и учество во хуманитарни активности и еколошки акции. Континуирано се подобруваат политиките во училиштето за намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното |

| | | |
|---|---|---|
| • Програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор<br>• Деловник за работа на училишниот одбор<br>• Интервју со директор<br>• План за професионален развој<br>• Склучени договори, тендерска документација за јавни набавки<br><br>• Записници од ревизија и УЈП<br>• Буџет и финансиски план на училиштето | | насилство во соработка со Центар за социјални работи, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивно образование, еколошко образование, меѓуетничка интеграција. Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и на учениците при креирањето на политиките на училиштето.<br>Анкета за родители/старатели -<br>Од анкетата со родителите/старателите, утврдено е дека<br>-Најголем дел од испитаниците се согласуваат за поттикнување и активно вклучување во различни активности,помал дел не се согласуваат, додека незначителен дел немаат информација.<br>**-**Најголем дел од испитаниците се согласуваат за навремено информирање од страна на претставникот на Совет на родители,помал дел не се согласуваат или немаат информација .<br>-Најголем дел целосно се согласуваат,помал дел немаат информација и незначителен дел не се согласуваатво однос на транспарентностана сите донесени одлуки од страна на УО.<br>Најголем дел од испитаниците се согласуваат за достапност |

| | | |
|---|---|---|
| | | на училишната библиотека за сите ученици,помал дел немаат информација, а незначителен дел не се согласуваат.<br><br>**-**Најголем дел се согласуваат за квалитетниот и комплетниот наставен кадар,помал дел не се согласуваат,а незначителен дел од нивнемаат информација.<br><br>-Најголем дел од испитаниците немаат информација околу трошење на училишниот буџет,поделени се мислењата,половина од од испитаниците не се согласуваат.<br><br>Од Анкета за наставници добиени се следниве информации<br><br>Најголемиот дел од наставници се изјасниле дека се информирани што се однесува до развојната програма. Сосема мал дел од нив (3 наставника) немаат таква информација.<br><br>Поголемиот дел од нив смета дека постои соработка помеѓу помеѓу раководството, воспитно образовниот кадар, наставниците и родителите при донесувањето на одлуки, многумал дел од наставниците не се согласуваат со ова тврдење.<br><br>Мислењета попрашањето дали училиштето им обезбедува доволно средства и материјали за спроведување на активности кај наставниците се поделени. Голем дел од нив |

| | | |
|---|---|---|
| | | се согласуваат со овој исказ но воедно скоро половина од наставниците сметаат дека училиштето не им обезбедува доволно средства и материјали за спроведување на активности.<br><br>Најголемиот дел од наставниците се согласуваат дека учествуваат во обуки, сосема мал број смета дека не учествуваат.<br><br>Поголемиот дел се согласува дека во текот на едно полугодие се посетени од страна на директор и служба, а мал дел од наставниците не се согласуваат со ова тврдење.<br><br>Поголемиот дел од наставниците се согласни дека добиваат конструктивна повратна информација,мал дел од нив сепак сметаат дека тврдењето не е точно.<br><br>Најголемиот дел од наставниците се согласуваат дека добиваат поттик од страна на училиштето за своето стручно усовршување но сосема мал дел од нив смета дека тврдењето не е точно.<br><br>Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетно работење на наставниците<br><br>Најголемиот дел од наставниците се согласуваат декаучилиштето поддржува и оддава признанија за |

| | | |
|---|---|---|
| | | квалитетно работење на наставниците, но воедно голем дел од нив и не се согласува со тврдењето.<br><br>По однос на прашањето за трошење на буџетот ставовите на наставниците се различни. Одреден дел се соглсува но сепак и голем дел на наставниците се изјасниле дека немаат увид во трошење на буџетот.<br><br>Од анкета за ученици добиени се следниве информации.<br><br>Поголем дел од учениците се информирани за активностите што ги планира училиштето. Помал дел од испитаници не се согласуваат дека се информирани или немаат никаква информација.<br><br>Најголем дел од испитаниците се согласуваат за достапност на лектири во библиотека, помал дел немаат информација, а незначителен дел не се согласуваат за достапност на лектири.<br><br>Најголем дел од испитаниците се согласуваат дека библиотека е место каде можат да читаат, помал дел немаат никаква информација и незначителен дел не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашање- дали некој несоодвено се однесува кон тебе во училиштето?- има извесен број на ученици кои потврдно одговорија и дадоа детален опис на начинот на кој се малтретирани од своите соодеper со грди зборови, игнорирање, исфрлање од група, задевање и др.<br><br>*Член на училишен тим: Габриела Младеновиќ и*<br><br>*Марина Цветановска Мартиновска*<br><br>*Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ*<br><br>**Развоен план на училиштето.**<br><br>Целите во развојната програма се јасни, конкретни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето.<br><br>Планирањето се базира врз база на податоци добиени од: состаноците на стручните активи од сите подрачја,предлозите на наставничкиот совет, одделенските совети, советот на родители на училиштето, училишниот одбор. Други инструменти вклучени за развојното планирање се: |

| | | |
|---|---|---|
| | | календарот за работа како и моделот за следење на наставен час.<br><br>Училиштето редовно и навремено ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Информациите за резултатите кои треба да се постигнат од развојната програма се образложуваат на Наставничките совети и на Училишен одбор.<br><br>*Членови на училишен тим: Ана Гиевска и Сашо Димковскиа*<br><br>*Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ*<br><br>Директорот ги информира вработените, родителите, органите и телата во училиштето за училишниот буџет и за неговото трошење. Постои финансиски план за распределувањето на финансиските средства.<br><br>Финансискиот план кој училиштето навремено го доставува до основачот, ги содржи приоритетите кои се тесно поврзани со образовните цели за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрувањата на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина но |

| | | |
|---|---|---|
| | | истиот не се одобрува целосно од страна на основачот на училиштето.<br><br>Одобрените средства се користат наменски, а во најголема мерка се користат за приоритети кои се поврзани со тековно одржување – комунални услуги, греење, комуникација, превоз на ученици, хигиена, ситен инвентар и тековни поправки.<br><br>Училишниот одбор навремено го добива и разгледува извештајот за планираниот финансиски план, и истиот го одобрува и доставува до основачот. Советот на општината по разгледување го одобрува доставениот финансиски план.<br><br>Училишниот одбор редовно ги следи финансиските активности и финансиската состојба на училиштето при трошењето на буџетот.<br><br>*Членови на училишен тим: Ана Гиевска и Сашо Димковскиа*<br><br>*Член на училишна комисија: Елизабета Костадиновска Костиќ* |

## *Подрачје 4: Управување, раководење и креирање полити*

**Опис/резиме на подрачјето**

Во однос на просторните ресурси, училиштето е лоцирано во центарот на градот и фукционира како централно училиште со две подрачни училишта во с.Пчиња и с.Ст.Бара и Центар за подршка за ученици со посебни образовни потреби во кој се реализира настава за ученици со ПОП од I-IX одделение. Работи во пет училишни згради. Во централната училишна зграда има вкупно 29 паралелки, 20 паралелки од предметна настава, 9 паралелки од одделенска настава. Во предметната настава училниците се опремени и осовремени за настава има 2 кабинета по информатика и кабинет по природни науки. Во склоп на училиштето работи и училишната библиотека опремена со книги, лектирни изданија, енциклопедии и нуди можност за компјутерски истражувачки активности на учениците. Училиштето располага со спортска сала за реализирање на часовите по ФЗО и мала сала за реализирање на ФЗО за ученици од I и II одделение и се користи за приредби, прослави и други активности.Има наставнички канцеларии, канцеларија на директор и стручни соработници, помошни простории и тоалети..Во втората зграда која се наога на улицата „Тонко Димков” бб., се изведува настава на ученици од реонот на Соколана од I-V одд. како и сите петти одделениа или вкупно има 9(девет) паралелки.Во оваа зграда има:9 училници една училница е прилагодена за реализирање на часови по ФЗО, наставничка канцеларија, 2 помошни простории. Во третата зграда која се наоѓа на улицата “Тане Георгиевски “бб наставата се изведува за ученици со посебни образовни потреби. Во оваа зграда има 9 училници за ученици со посебни образовни потреби, 7 училници за ученици од редовни паралелки од трето и четврто одделение, наставничка канцеларија, спортска сала и помошни простории и тоалети. Во четвртата зграда е подрачното училиште во с.Пчиња и опфаќа ученици кои гравитираат кон тој реон.Во оваа зграда има 6 училници и еден кабинет по информатика,наставничка канцеларија,помошни простории. Има и спортско игралиште во училишниот двор. Во петтата зграда која е лоцирана во с.Студена Бара учат ученици од тој реон и тоа 2 училници за две комбинирани паралелки од I-V одделение, наставничка канцеларија. Поголем дел на родители и наставници сметаат дека просторните услови делумно ги задоволуваат потребите за реализирање на редовната

настава,додатна и дополнителна настава и вонаставни активности. Најголем проблем претставува фактот што две училишта делат една училишна зграда.

**Силни страни**

- Раководниот орган заедно со наставниот кадар преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства
- Училиштето ги афирмира и промовира постигањата на учениците, свечено и јавно ги пофалува учениците за своите успеси на натпреварите и ги наградува учениците со континуиран одличен успех со книга и пофалница, како и нивните ментори
- Континуирано се промовираат активности поврзани со мултиетничка интеграција и инклузивно образование
- Континуираното подобрување на инфраструктурните услови за престој на учениците во сите училишни згради во кои се одвива наставата

**Слаби страни**

- Неможност УО да има влијание врз буџетот со цел побрзо решавање на донесени одлуки во училиштето
- Недостаток на просторен капацитет, одвивање на воспитно образовен процес од страна на две училишта во иста училишна зграда
- Во однос на инклузија, недоволно обучен наставен кадар и стручни соработници (и покрај одржаните обуки и дисеминации)
- Недоволна екипираност на персонал, логопед, негуvател или медицинско лице.

- Недоволен број на  современи ИКТ средства за осовременување на наставата.

**Приоритети**

- Опремување на училници со современи ИКТ средства за осовременување на наставата.
- Континуирано унапредување на инфраструктурата, реализација на проекти за подобрување на инфраструктурата, конкретно, енергетско ефикасна фасада на училишната зграда на ул. Тане Георгиевски и алтернативно решение за затоплување, греење на гас во Соколана.
- Екипирање на кадарот за комплетна имплементација на процесот на инклузија.
- Приоритет на библиотеката е дополнување на книжниот фонд со нови лектирни изданија.

***Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации***

**Резултати од анкета со наставници**

Во анкетата се опфатени 81 испитаници од 97 наставници без стручната служба. Обработените резултати се прикажани во проценти.

## П1 Планирање, настава и учење

| **Тврдење** | | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам / немам информации** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата** | фреквенција | 31 | 42 | 6 | 0 | 2 |
| | процент | 38 | 52 | 7 | 0 | 3 |
| **Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието** | Фреквенција | 38 | 39 | 2 | 0 | 2 |
| | Процент | 47 | 48 | 2.5 | 0 | 2.5 |
| **Во рамките на стручните активи** | Фреквенција | 45 | 28 | 7 | 0 | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието** | | | | | | |
| | процент | 55.5 | 34.5 | 9 | 0 | 1 |
| **Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците** | Фреквенција | 52 | 26 | 2 | 0 | 1 |
| | процент | 64 | 32 | 3 | 0 | 1 |
| **Во наставата користам различни ресурси за учење и настава** | Фреквенција | 48 | 33 | 0 | 0 | 0 |
| | процент | 59 | 41 | 0 | 0 | 0 |
| **Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање на проблеми** | фреквенција | 43 | 35 | 3 | 0 | 0 |
| | процент | 53 | 43 | 4 | 0 | 0 |
| **Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат** | фреквенција | 61 | 20 | 0 | 0 | 0 |
| | процент | 75 | 25 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **да знаат повеќе** | | | | | | |
| **На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив** | фреквенција | 45 | 35 | 1 | 0 | 0 |
| | процент | 56 | 43 | 1 | 0 | 0 |
| **Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките** | фреквенција | 51 | 29 | 1 | 0 | 0 |
| | процент | 63 | 36 | 1 | 0 | 0 |
| **Кон учениците се однесувам со почитување** | фреквенција | 65 | 16 | 0 | 0 | 0 |
| | процент | 80 | 20 | 0 | 0 | 0 |
| **Добивам поддршка од директорот и/ или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети** | фреквенција | 32 | 33 | 13 | 1 | 2 |
| | процент | 39.5 | 41 | 16 | 1 | 2.5 |
| **Ги разбирам проблемите и потребите на учениците** | фреквенција | 59 | 22 | 0 | 0 | 0 |
| | процент | 73 | 27 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи / активности по свој избор** | фреквенција | 36 | 44 | 1 | 0 | 0 |
| | процент | 45 | 54 | 1 | 0 | 0 |
| **Реализирам МИО активности со учениците според однапред направен план.** | фреквенција | 34 | 39 | 3 | 1 | 4 |
| | процент | 42 | 48 | 4 | 1 | 5 |
| **Успешно соработувам со образовнните асистенти** | фреквенција | 24 | 24 | 6 | 0 | 27 |
| | процент | 30 | 30 | 7 | 0 | 33 |
| **Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати** | фреквенција | 64 | 17 | 0 | 0 | 0 |
| | процент | 79 | 21 | 0 | 0 | 0 |
| **Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд** | фреквенција | 67 | 14 | 0 | 0 | 0 |
| | процент | 83 | 17 | 0 | 0 | 0 |
| **На учениците им кажувам што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените** | фреквенција | 59 | 22 | 0 | 0 | 0 |
| | процент | 73 | 27 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **постигнувања** | | | | | | |
| **На учениците им давам насоки како поуспешно да учат** | фреквенција | 61 | 20 | 0 | 0 | 0 |
| | процент | 75 | 25 | 0 | 0 | 0 |
| **Применувам различни начини за оценување на учениците** | фреквенција | 51 | 28 | 2 | 0 | 0 |
| | процент | 63 | 34.5 | 2.5 | 0 | 0 |
| **Учениците редовно ги вклучувам во самооценувањето** | фреквенција | 37 | 39 | 4 | 1 | 0 |
| | процент | 46 | 48 | 5 | 1 | 0 |
| **Планот за воннаставни активности го изготвувам заедно со учениците** | фреквенција | 19 | 44 | 13 | 2 | 3 |
| | процент | 23.5 | 54 | 16 | 2.5 | 4 |

## П2 Постигања на ученици

| Тврдење | | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам / немам информации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето** | фреквенција | 43 | 37 | 1 | 0 | 0 |
| | процент | 53 | 46 | 1 | 0 | 0 |
| **Успевам да ги идентификувам надарените ученици** | Фреквенција | 46 | 33 | 1 | 1 | 0 |
| | Процент | 57 | 41 | 1 | 1 | 0 |
| **Голем број на родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет** | Фреквенција | 36 | 40 | 4 | 1 | 0 |
| | процент | 45 | 49 | 5 | 1 | 0 |
| **На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му** | Фреквенција | 51 | 29 | 1 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **помогнат на своето дете во учењето** | процент | 63 | 36 | 1 | 0 | 0 |

## П3 Училишна клима и односи во училиштето

| Тврдење | | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам / немам информации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето** | фреквенција | 16 | 30 | 21 | 1 | 13 |
| | процент | 20 | 37 | 26 | 1 | 16 |
| **Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши кодексот на однесување** | Фреквенција | 27 | 42 | 5 | 0 | 7 |
| | Процент | 33 | 52 | 6 | 0 | 9 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка** | Фреквенција | 31 | 40 | 7 | 1 | 2 |
| | процент | 39 | 49 | 9 | 1 | 2 |
| **За време на моите часови има добра работна атмосфера** | Фреквенција | 49 | 32 | 0 | 0 | 0 |
| | процент | 60.5 | 39.5 | 0 | 0 | 0 |
| **Добро соработуваме со колегите во училиштето** | Фреквенција | 42 | 35 | 3 | 1 | 0 |
| | | | | | | |
| | процент | 52 | 43 | 4 | 1 | 0 |
| **Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти** | фреквенција | 49 | 30 | 2 | 0 | 0 |
| | процент | 60.5 | 37 | 2.5 | 0 | 0 |
| **Во училиштето се работи со сите** | фреквенција | 47 | 29 | 1 | 1 | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ученици кои се учесници во врсничко насилство** | процент | 58 | 36 | 1 | 1 | 4 |
| **Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес** | фреквенција | 44 | 36 | 1 | 0 | 0 |
| | процент | 54.5 | 44.5 | 1 | 0 | 0 |
| **Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата** | фреквенција | 25 | 35 | 15 | 1 | 5 |
| | процент | 31 | 43 | 19 | 1 | 6 |
| **На учениците им укажувам за различните механизми на заштита на нивните права кои постојат во училиштето** | фреквенција | 32 | 42 | 5 | 0 | 2 |
| | процент | 39.5 | 52 | 6 | 0 | 2.5 |
| **Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман** | фреквенција | 47 | 32 | 0 | 1 | 1 |
| | процент | 58 | 40 | 0 | 1 | 1 |
| **Различните маргинализирани и ранливи групи ги вклучувам во училишните активности** | фреквенција | 48 | 32 | 0 | 0 | 1 |
| | процент | 59 | 40 | 0 | 0 | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Родителите / старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето** | фреквенција | 39 | 35 | 5 | 0 | 2 |
| | процент | 48 | 43 | 6 | 0 | 3 |
| **Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно образовниот процес** | фреквенција | 35 | 40 | 3 | 0 | 3 |
| | процент | 43 | 49 | 4 | 0 | 4 |
| **Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата** | фреквенција | 25 | 42 | 8 | 0 | 6 |
| | процент | 31 | 52 | 10 | 0 | 7 |
| **Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење алкохол и дрога** | фреквенција | 17 | 43 | 14 | 1 | 6 |
| | процент | 21 | 53 | 17 | 1 | 8 |
| **Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите** | фреквенција | 37 | 40 | 2 | 0 | 2 |
| | процент | 46 | 49 | 2.5 | 0 | 2.5 |

## П4 Управување, раководење и креирање политики

| Тврдење | | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам / немам информации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Информиран сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање** | фреквенција | 35 | 40 | 3 | 0 | 3 |
| | процент | 43 | 49 | 4 | 0 | 4 |
| **Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно образовниот кадар, наставниците и родителите при донесувањето одлуки** | Фреквенција | 37 | 38 | 3 | 1 | 2 |
| | Процент | 46 | 47 | 4 | 1 | 2 |
| **Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и** | Фреквенција | 13 | 28 | 31 | 8 | 1 |
| | процент | 16 | 35 | 38 | 10 | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **воннаставните активности** | | | | | | |
| **Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби** | Фреквенција | 28 | 51 | 1 | 1 | 0 |
| | процент | 35 | 63 | 1 | 1 | 0 |
| **Директорот и стручните соработници следат најмалку 2 мои наставни часови во текот на едно полугодие** | Фреквенција | 34 | 34 | 7 | 1 | 5 |
| | процент | 42 | 42 | 9 | 1 | 6 |
| **За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација** | Фреквенција | 29 | 40 | 7 | 1 | 4 |
| | процент | 36 | 49 | 9 | 1 | 5 |
| **Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам** | Фреквенција | 30 | 40 | 6 | 3 | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | процент | 37 | 49 | 7.5 | 4 | 2.5 |
| **Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетно работење на наставниците** | Фреквенција | 23 | 33 | 17 | 3 | 5 |
| | процент | 28 | 41 | 21 | 4 | 6 |
| **Запознаен сум како се троши буџетот на училиштето** | Фреквенција | 11 | 39 | 18 | 3 | 10 |
| | процент | 14 | 48 | 22 | 4 | 12 |

## Резултати од анкета со родители / старатели

Во анкетата се опфатени 459 родители / старатели од вкупно 1240 на ученици од прво до деветто одд. изберени по принципот - парен број на ученици во дневник. Обработените резултати се прикажани во фреквенции и проценти.

### *П1 Планирање, настава и учење*

| Тврдење | | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам / немам информации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сите наставни часови согласно распоредот** | фреквенција | 273 | 160 | 20 | 3 | 3 |
| | процент | 59 | 35 | 4 | 1 | 1 |
| **Запознаен сум со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности** | Фреквенција | 223 | 183 | 28 | 5 | 20 |
| | Процент | 49 | 40 | 6 | 1 | 4 |
| **Изборни предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите инттереси** | Фреквенција | 177 | 183 | 56 | 22 | 21 |
| | процент | 38 | 40 | 12 | 5 | 5 |
| **Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете** | Фреквенција | 172 | 184 | 63 | 22 | 18 |
| | процент | 37 | 40 | 14 | 5 | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите** | Фреквенција | 193 | 192 | 33 | 18 | 23 |
| | | | | | | |
| | процент | 42 | 42 | 7 | 4 | 5 |
| **На моето дете повеќето часови му се интерсни** | фреквенција | 144 | 224 | 64 | 18 | 9 |
| | процент | 31 | 49 | 14 | 4 | 2 |
| **Моето дете било вклучено во активности / и реализирање со ученици кои учат на различни јазици** | фреквенција | 103 | 145 | 93 | 29 | 89 |
| | процент | 23 | 32 | 20 | 6 | 19 |
| **Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете** | фреквенција | 140 | 238 | 59 | 17 | 5 |
| | процент | 30 | 52 | 13 | 4 | 1 |
| **Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете** | фреквенција | 142 | 208 | 73 | 29 | 7 |
| | процент | 31 | 45 | 16 | 6 | 2 |
| **Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (енциклопедии, списанија, интернет модели** | фреквенција | 70 | 162 | 142 | 44 | 41 |
| | процент | 15 | 35 | 31 | 10 | 9 |
| **Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати** | фреквенција | 182 | 203 | 37 | 18 | 19 |
| | процент | 40 | 44 | 8 | 4 | 4 |
| **Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд** | фреквенција | 174 | 214 | 36 | 17 | 18 |
| | процент | 38 | 46 | 8 | 4 | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи** | фреквенција | 173 | 191 | 54 | 24 | 17 |
| | процент | 38 | 41 | 12 | 5 | 4 |
| **Редовно сум известена за постигањата на моето дете на училиште** | фреквенција | 230 | 193 | 23 | 12 | 1 |
| | процент | 50 | 42 | 5 | 3 | 0 |
| **Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете** | фреквенција | 183 | 232 | 30 | 12 | 2 |
| | процент | 40 | 50 | 7 | 3 | 0 |
| **Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет** | фреквенција | 137 | 180 | 87 | 34 | 26 |
| | процент | 29 | 39 | 19 | 7 | 6 |
| **Училиштето нуди избор на различни вонннаставни активности (клубови, проекти** | фреквенција | 82 | 163 | 111 | 38 | 65 |
| | процент | 18 | 36 | 24 | 8 | 14 |
| **Моето дете е вклучено во воннаставни активности според сопствениот интерес** | фреквенција | 101 | 202 | 91 | 28 | 37 |
| | процент | 22 | 44 | 20 | 6 | 8 |

## П2 Постигања на ученици

| Тврдење | | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам / немам информации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете** | фреквенција | 132 | 200 | 79 | 30 | 18 |
| | процент | 29 | 43 | 17 | 7 | 4 |
| **Континуирано сум информиран /а за редовноста на моето дете** | Фреквенција | 229 | 201 | 16 | 8 | 5 |
| | Процент | 50 | 44 | 3 | 2 | 1 |
